## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Шесттото продолжение на Осумдесет и шесттата седница
## на Собранието на Република Македонија, одржана
## на 8 ноември 2001 година

Седницата се одржа во сала I на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Александар Гештаковски, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

На седницата присуствуваат 64 пратнеици.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинствоот пратненици на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амднамните на Уставот на РМ.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот VI на Уставот на РМ.

Продолжуваме со општиот претрес.

Беше исцрпена листата на говорници.

Нешто сака да каже г-динот Латиф Пајкоски.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратнеици,

Тоа што имав да го кажам во врска со вкупната содржина на Рамковниот договор, потпишан во Охрид, и во врска со усвојувањето на предложените амандмани од страна на претседателот на државата го кажав на почетокот, кога ние одлучувавме дали ќе пристапиме кон промена на Уставот и всушност во целина стојам зад тоа што го кажав, затоа што тоа е мое мислење, тоа е мислење и на бирачите кои го застапуваат она што го кажав. Само да потсетам јас сум еден од пратениците кои доаѓаат од Западниот дел на РМ. Мојата изборна единица веројатно е една од ретките која што е од мешан состав, така што од вкупно 20 илјади бирачи, околу 14 илјади се македонци, другите се Албанци, Турци и Роми. Со ова сакам да кажам дека тежината на нивните ставови во однос на отворените прашања треба многу сериозно да се прифати во овој парламент.

Сакам да кажам дека јас воопшто и немам намера да дискутирам во однос на предложените амандмани од претседателот на државата, затоа што претходно кажав дека ќе ги поддржам тие амандмани. Но, одредени дискусии кои што овие денови имаме прилика да ги слушнеме во оваа сала, не само што ме поттикнаа да излезам на говорницата и да кажам што мислам по одредени нафрлени тези, информации или би рекол дезинформаицци, туку и притисокот на оние кои во текот на вчерашниот ден ни се јавуваа и бараа од мене да излезам на оваа говорница беше толкав што навистина не можев да не излезам, и покрај моето целосно разбирање за времето кое што го одземаме и важноста на она што треба што побрзо да го усвоиме, за да можеме во РМ, најпосле да почне да се имплементира постигнатиот политички договор односно да почне да се гради таа во голема мера изгубена доверба меѓу граѓаните.

Имено, одредени дискутанти особено завчера. кога се дискутираше за амандманот VII, кој што значи промена на членот 19 од Уставот, толку несмасно се однесуваа во своите дискусии што просто несватливо е, иако некои од нив се спортски работници, топката ја префрлаа од фудбалското изгралиште на тениско. Имено, се работи за следното.

Од неколку пратениици тука, особено од пратеникот Вангел Симев, кој што веднаш да кажам, се надевам дека тоа беа искажани негови лични ставови, а не и на партијата која што ја претставува, всушност цело време еден конфликт во РМ, предизвикан од вооружени екстремистички групи кои наводно за некакви човекови права посегнаа за оружјето, се обиде, верувам неуспеа, сето тоа да го префрли на друго поле, да го префрли на меѓуверски конфликт, притоа заборавајќи соодветниот господин, но за жал и некои други пратнеици, од други пратнеички групи во слична конотација дискутираа, притоа, заборавај-ќи дека во неговиот народ, во неговата нација на која што тој и припага има повеќе од 150 илјади граѓани со македонско етничко потекло, но заради одредени состојби и настани во историјата денес му припаѓаат на исламот. Ако сето тоа е направено од незнаење, јас помалку би го жалел господинот, иако е униврзитетски професор. Но, многу ми е страв дека сето тоа е направено свесно и намерно, притоа не сакам да верувам дека некој од поодамна промовира тези во тој правец и во овој парламент и воопшто во јавноста на Република Македонија, на некој начин да го нема, да ми простите, "седнато во скут". Затоа што јас би го прашал г-динот Симев, кој за жал не е тука, се надевам дека некаде гледа, како ќе им објасни на неговите студенти од Жировница, Скудриње, Могорче и други дека се всушност македонци од четврти степен а дека нивниот професор, г-динот Симев е македонец од прв степен. Или како ќе им објасни, а тоа би ги прашал и неговите колеги од пратеничката група на ВМРО Вистинска, како ќе му објаснат на г-динот Фадил од Могорче, кој на претходните избори беше кандидат за градоначалник во општината Ростуше и тоа многу сериозен кандидат, како сега ќе му објаснам дека тој бил

кандидат, ама бил помал македонец од тие кои што и припаѓаат на христијанската религија. Дури, до таму се отиде, замислете, се измешаа баби и жаби, дури до таму се отиде што пречат исламските имиња на македонците во Албанија. Поголема глупост не сум слушнал! Како да е тоа вчера направено, како да не е тоа направено пред многу и многу години, заради одредени работи или состојби на овие простори, кои овојпат не би сакал да ги елаборирам. Всушност, свесно или несвесно се влегува во шема на сите оние кои припаѓаат на националностите во РМ, кои заговараат апсолутно право на религијата, сопственост само на една националност или на еден народ. Ние упорно годиништа се бориме и се трудиме да покажеме и докажеме дека всушност нацијата и религијата не е едно исто, дека всушност нацијата е неменлива работа, а религијата е лично право на сите оние кои одлучиле да веруваат во таа религија и заради тие историски случувања сме ја прифатиле исламската религија, сме ја негувале годините и векови, си ја сакаме и почитуваме, но притоа, не заборавајте, никогаш не сме се откажале од основните обележја што ја чинат нацијата: јазикот, обичаите, традициите и се друго што ја прави македонската нација. За жал, долго време, борејќи се за изнаоѓање место во овие простори како неделив дел на македонскиот народ, очиглендо работите сме ги терале на сосема погрешни или помалку вистинити правци, притоа сметајќи дека најголеми виновници за нашата судбина се Албанците, Турците, и сите оние кои што покажуваме и докажуваме дека во асимилираат ова македонско население. Но, сега, после едни вакви дискусии, јас се повеќе сум свесен и убеден дека всушност проблемот лежел таму во тие средини кои многу лесно, без тронка срам, и совест се откажуваат од толкав број сопствено население, притоа правјеќи две крупни грешки. Едната, што за таа бројка се намалува бројот на македонците и втората, што за таа бројка се зголемува боројот на одредени националности кои што живеат во овие простори. Несватливо е зошто цело време се водат дискусиите како да исламот како религија е виновен за ова што се случува на овие простори. Зарем не е јасно, и еден претседател на Светска веле сила г-динот Буш, на неколку пати упорно сакаше да покаже преку своите настапи дека всушност тој објавува војна на тероризмот, не на исламот. Додека во Република Македонија со едни такви несмасни настапи, или може би свесни, тоа би можел овој пат да го потврдам, упорно се тера нешто што не е својствено. Па кој тука паметен може да поверува дека во Република Македонија џамијата е албанска, ве молам?! Зарем, треба да објаснуваме што значи џамијата како верски објект за припадниците на исламската религија и повторно зарем се заборава таа борјка од македонци кои припаѓаат на таа религија.

Всушност, не би сакал да верувам, дека се сака да се направи нешто што беше направено 1950 -1960 година кога 50-тина илјаид македонци со исламска религија беа протерани во Република Турција, заедно се етничките Турци, и заедно со голем број Албанци. Сигурно, дека тоа овој пат нема да успеат. Зарем никој не најде згодно патем барем да го спомне она што беше уништувања на имотите на македонците во повеќе градови во Република Македонија. Зарем некому му сметаше Ве молам Ајчо во Битола, 40 години е лојален граѓанин на оваа држава. Зарем некому сметаше Зајко во Скопје, човек кој и ден денес не може глава да крене од разноразни притисоци. Се разбира, и првиот пат кога дискутирав искажав голема жалост и загриженост за уништување на верските објекти и тука на прво место го спомнав Лешочкиот манастир. Исто така, искажав голема загриженост и за уништувањето на другите историски и верски објекти, кои му припагаат на Исламот. Не би можел никако да се согласам со одредени дискусии, кои ја измешаа верата и нацијата и притоа, нека ми простат, да кажат дека Република Македонија е православна држава. Да, мнозинстовот од македонското население и припаѓа на оваа религија, но не треба да се заборави, барем да се спомне и овој другиот дел, кој што ви тврдам во оваа прилика, единствено е заслужен во населените места во Западниот дел на РМ што во овие неколку месеци немаше ама баш никаков конфликт, и заради припадноста на религијата со албанската националност и заради припадноста на македонската нација. Тогаш јас кажав дека ние треба да бидеме мост кој што треба да ги сплоти, кој што треба да помогне во решавањето на одредени отворени конфликтни прашања. Но на овој начин сигурно дека не можеме ниту да го најдеме нашето место, ниту ќе можеме да помогнеме, затоа што некој сака да не фрли во ендек.

Во истиот тој контекст беше спомнат и проблемот со плаќање даноци, обврски итн. Меѓутоа, ако и во тој контекст и во тој дух и нас некој не смета, па заради тоа државата до денес не помогнала, па има намера никогаш и да не помогне, при евентуална градба на верски објекти во населените места со македонци муслимани, тогаш нека им служи на чест на сите оние кои што така мислат и во оваа прилика не би сакал да одземам време да елаборирам толку од ова население вработени и во РМ, и надвор од РМ, учествуваат во градбата и во изградбата на самостојноста и сувереноста на државата.

Тука некој кажа дека пратениците кои што припаѓаат на албанскаста националност знаат што бараат. Се согласувам, знаат што бараат. Жално е што ние не знаеме што бараме, односно знаеме што бараме, но се плашам дека тоа знаење не е во правец на делење на државата, затоа што податоците кои овие денови имав прилика да ги слушнам одат до таму, до таа крајност што некој веќе кренал раце од Западна Македонија. Да, слушнав дека некои од банките веќе не признаваат хипотека во населено место во западниот дел на државата. Демек, готова е

работата, нема нешто со Македонија,останува рампа да ставаме и "нека им е на здравје" на македонците што се наоѓаат од таа страна на границата.

Сето ова сакав да го кажам не со цел некој да реплицира

сакав да го кажам со цел да разјасниме некои работи и заради јавност а воопшто , но и најповеќе заради граѓаните македонци со исламска религија, кои морам да ви кажам револтирани од ваквите несмасни дискусии ни рекоа вака е, ќе се видиме на претстојниот попис.Замислете, јас ги прашувам и тие што така дискутираа, што е поголемо зло за македон-ската нација, дали со неколку збогови стотини и стотини луѓе да се отфрлат од сопственото јато или пак тука двесте пати да се кажува издајници, предавници, издајници и предавници. Па за какви предавници, ве молам, зборувате? Кого тука ќе лажеме? Не сакам милост, боже сачувај. Меѓутоа, сакам јавноста, ако не друго, да ја разбера вистината. Вистината за западниот дел на Република Македонија, вистината за соживотот. Јас ги раз бирам некои од тие дискутанти, особено еден од нив кој што кажа дека за прв пат имал прилика да се сретне со граѓанин кој што припаѓа на друга националност тогаш кога дошол да студира во Скопје. Господе боже! Јас откако сум се родил како македонец сум се сретнал со граѓани од мешана средина. Е, па,ако е така, тогаш тие што немале прилика да живеат во мешани средини, тие што немале прилика да ја бранат Македонија и македонштината во тие простори, еве ги канам кај мене неколку недели, месеци ако сакаат, со се семејства нека дојдат, бујрум што вели народот, јадење, пиење има, нека го почувствуваат тој соживот во тие простори, па од таа позиција нека излезат на оваа говорница и тогаш ќе ги прашам со какви зборови ќе се трудат да го вратат мирот во државата, ќе се трудат да го градат соживотот меѓу македонскиот народ и сите оние кои што останале да живеат во оваа држава Република Македонија, како држава со унитарен карактер, како неделива држава и да го штитат нејзиниот суверенитет и територијален интегритет.

Одејќи сабајле наваму, еден ми рече за еден колега пратеник вака: "покријте го Бастат".Е, бидејќи е покриен Бастат, затоа сакав јас уште еднаш на некој начин да појаснам немкои работи. не го кажувам сето ова за да предизвикам реплики, иако сум подготвен да полемизираме за одредени работи, меѓутоа, најдобро намерно, за да не остане дискусиите кои може би беа и добронамерно насочени, да повлечат лавина негодувања и да однесат еден поголем број на македонско население во сосема други и туги простори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на претседателот на државата,

Се јавувам за збор бидејќи беше спомната партијата за своите ставови. Навистина ме зачудува отсутноста на г-динот Пајковски од македонската политичка сцена и како досега не ги слушнал ставовите на нашата партија во одос на овие прашања кои се многу пати искажани, изнесени и се јасни.

Имено, ВМРО - Вистинска отсекогаш е за слобода на вероисповеста и тука нема никакви дилеми, ниту пак сме ги делеле македонците по вероисповест или по некоја друга основа и еден од основните постулати на ксј от почетокот застанавме, тоа е единството на маке-донскиот народ. Тоа единство го мислевме во комплетна смисла на зборот, како политичко, така и единство во сите погледи, така што незнам од каде мислењето на г-динот Пајковски дека ние како партија размислуваме за поделба на македонците по основа на вероисповеса. Ние сме апсолутно една од партиите која ја почитува вероисповест и тоа сме го почувствувале особено кога зборуваме за македонците, со работа со македонците од различна вероисповест, бидјеќи тврдиме дека сме ако не партија со најголем број, тогаш меѓу партиите со најголем борј македонци со муслиманска вероисповест, што значи дека тие ја препознале нашата ширина во однос на слободата на вероисповеста на секој поединец. Така што незнам од каде го влечете тоа. За поединечниот настап на г-динот Вангел Симев, веројатно тој сам ќе објасни, меѓутоа, она што сепак нема да му дозволиме на г-динот Пајковски добронамерно, тоа е од името на на сите членови на ВМРО-Вистинска со муслиманска вероисповест тој да зборува, да се јавува како претстанвик и да си го зема авторското право да зборувам во името на сите македонци со муслиманска вероисповест. Тој едноставно го нема тоа право. Ние сме претставници на сите членови на ВМРО-Вистинска со муслиманска вероисповест, а примерот ќе го наведе тој дека имавме и кандидат за градоначалник со муслиманска вероисповест е најдобар пример дека ние луѓето по таа основа не ги делиме и сметам дека и со г-динот Латиф Пајкоски не треба да се делиме во ова размислување. Еве, уште еднаш афирмативно потврдувам дека го почитуваме правото на вероисповест на секоја единка во Република Македонија, на секој граѓанин, не само во однос на муслиманската вероисповест, туку и во однос на сите вероисповеди.

Апсолутно е јасна и нашата позиција за Македонската Православна Црква и сме ја објасниле. Меѓутоа, сега темата беше друга. Ме зачудува и отсутноста на г-динот Латиф Пајкоски, дали беше отсутност од политичката сцена или

намерна дезинформација од оваа говорница кога кажа за палењето на џамиите.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**: (продолжение)

ВМРО- Вистинска на две прес конференции веднаш првиот ден по палењето на џамијата во Прилеп и по настаните во Битола јавно на свои прес конференции ги осуди тие настани од страна на толпата. На свои прес конференции и официјално, така да не знам од каде сега на Латиф Пајкоски оваа дезинформација, невистина која ја шири од говорницата во јавноста. Ако сака ние можеме да му обезбедиме снимки, телевизиски снимки и документација од тие прес конференции на кои јавно ги осудивме владеењето на толпата и уништувањето на имотот на недолжни граѓани токму од муслиманска вероисповед. Уште еднаш му потврдуваме дека ние имаме огромна поддршка меѓу македонците муслимани како партија и тоа го чувствуваме во многу честите контакти со нив за да преку нашата партија тие да ги артикулираат своите права како македонци. Тие се неделив дел од македонскиот народ и тоа е јасен став на ВМРО Вистинска.

Со ваквиот настап тој очигледно ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Доста, помина времето.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Да кажам дека со ваквиот став господинот Пајкоски се обидува токму да ги изолира македонците муслимани зад својот авторитет не давајќи право тие политички да се инкорпорираат во сите партии во Македонија. Тие се македонци со муслиманска вероисповед, меѓутоа вие не сте г. Латиф Пајкоски нивни претставник. Нивни претставници се и господата од СДСМ и господата од ВМРО-ДПМНЕ и нивните членови и господата од сите партии, па и вие. Тоа би го респектирале на делот од македонците муслимани на кои сте вие претставник, меѓутоа имаме голем број на членови. Јас се трудев да објаснам дека моето излагање се однесува на сите они пратеници кои што дискутираат во овој контекст, но не само пратениците од ВМРО - Вистинска. Инаку, веројатно не само таа политичка партија, многу политички партии се јавија во јавноста со осуда за уништување на верски објекти. Јас не зборував за тогаш, јас зборував за оваа седница, јас зборував за ова прашање кое што е на дневен ред на оваа седница.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас не сакам да продолжиме со реплика со господинот Пајкоски, едноставно го повикувам да престанеме да ги делиме македонците, доволно се поделени на македонци муслимани и македонци христијани. Ако продолжиме вака претпоставувам дека се работи за политички маркетинг преку македонците муслимани. Инаку, ние се стремиме да го покренеме секое прашање кое тие ќе го покренат од базата и го доставaт до нас како пратеници, не само за нив туку за сите граѓани на Македонија.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Многу сум изненаден од дискусијата на господинот Латиф Пајкоски. Јас би тргнал од неговите последни зборови колку партијата ВМРО-Вистинска направи за да им помогне на исламизираните македонци. Господине Пајкоски покренете било каква постапка имате максимална поддршка. Тоа треба да го знаете. Максимална. Најголем грев на Македонија од 1945 до денес е што ништо не направи за овие македонци. Тоа е најголем грев и најмногу ги осудувам сите досега што ништо со прст не мрднаа и ако требаше да се инвестира, требаше токму во тој дел на Македонија најмногу да се инвестира. Тоа е срцето на Македонија, тие се правите македонци кои многу подобро зборуваат македонски од сите нас и правите патриоти сте. Но, вие не изненадивте.Добивам впечаток дека вие свесно сакате да го делите македонскиот народ. Ме изненадивте со вашата дискусија. Многу сум изненаден. Која е целта не ја знам.

Го спомнавте зборот предавници. Господине Пајкоски можеби си ја имате мувата на капа па ја бркате. Јас го спомнав тој збор предавници точно и точно можеби и за вас се однесува. Вие сте тие кои ќе гласате за Рамковниот договор. Штом гласате за Рамковниот договор вашето име ќе се најде пред жена парк, плоча ќе стои сите што го потврдувате овој предавнички договор. Бидете сигурни дека вашето име таму ќе биде и како предавник ќе биде запишано. Немојте да ги мешате исламизираните македонци. Тие се многу почитувани и треба многу поголем почит кон нив. Во овој момент ја користам оваа прилика на оваа говорница да ги поздравам од се срце и да не заборaваме многу од нив на сила се исламизирани, многу од нив од немај каде, поради икс причини беа исламизирани. Македонци постојат господине Пајкоски со православна исповед. Не ги делам, тоа треба да знаеме, македонци постојат со исламска исповед, тоа го признаваме, македонци постојат со католичка вероисповед и македонци постојат со протестанска вероисповед. Можеби постојат и други и сите нив ги поздравувам и ме радува што се чувствуваат македонци. Сите што се чувствуваат македонци посебно ме радуваат.

Господине Пајкоски, вие забележавте зошто ја спомнав Албанија. Дека на македонците таму им се менуваат имињата и презимињата само поради човековите права. Македониците ни основните човекови права не ги уживаат во Албанија. Поради тоа јас ја спомнав Албанија, не за друго.

Господине Пајкоски ги спомнавте муслиманите, поточно турците кои ја напуштија Македонија. Тоа е една од поголемите трагедии за Македонија што турците ја напуштија Македонија. Јас имам многу другари и имав во Битола каде што живеев нажалост се иселија и кога одам во Турција постојано ги посетувам. Бидејќи оваа година бев во Турција на европско првенство ветерани во пингпонг сретнав турчин од Куманово кој од се срце ми кажа да ги поздравам сите македонци. Еве сега морници ми идат мило ми е што ја користам оваа пригода да ги поздравам сите турци. Да знаете дека имаме голем почит од турците.

(Реагирање на пратениците во салата).

Исто така господине Пајкоски ние први ги осудивмд македонците што ги палеа дуќаните на исламизираните македонци, почнувајќи од Ајќо, бидејќи го спомнавте Ајќо. Не знам колку пати вие сте биле кај него, но јас сум бил кај него додека живеев во Битола секој ден како екипа каде што ги бранев боите на Битолскиот спорт - ракомет, каде што бевме и прва сојузна лига, ручавме секој ден кај Ајќо, ако толку ве интересира.

(Реагирање на пратениците во салата).

Му одговарам, што е. Му одговарам на господинот Пајкоски.

Господине Пајкоски ние први ги осудивме тие нереди на македонците затоа што беа револтирани македонците и затоа презедоа таков чекор, а вие не најдовте за сходно да ги осудите албанските терористи, а ги осудивте македонците што како револт запалија куќи.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ**:

Господине пецедателе,

Прво сакам уште еднаш да кажам дека господинот Вангел Симев во негов стил на крај искажа една голема лага, лага која што не се пере ни во Дрим ни во Радика. Кажа дека ние не сме ги осудиле албанските терористи. Ве молам, зарем јас не сум го кажал мојот став и ставот на моите бирачи по тоа прашање ниеднаш. Сто пати.

Единствено од цела оваа работа можам да искажам задоволство што господинот Симев почна да евоулира и од голем газда на овие простори завчера, пред два дена сакаше да ги крати минарињата на муслиманите, сега се јавува во заштита на македонците со исламска религија. Луѓе ова нешто невидено.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Господине претседателе,

Прво, мислам дека вие како претседател имате должност според Деловникот да ги спрежувате ваквита испади што навредуваат и на некој начин ја насочуваат целата работа во погрешна насока.

Второ, би сакал да обзнанам една тајна што не се знае околу господинот Симев. Имено тој на нас албанските пратеници ни даде до знаење дака сето тоа што го прави го прави само за да го дигне неговиот рејтинг и дака не е заинтересиран кој знае колку што *ќе* се случува во реалноста.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Рејтингот не мислам јас да го дигам во една партија. Ќе ви кажам само деновиве што ми се случи. Добивам безброј пораки и телефонски, а што е најважно граѓаните што ме среќаваат, а посебно сакам да ги поздравам сите жени не затоа што сум толку убав, туку затоа што ја кажувам вистината, затоа што жените најдобро чувствуваат што значи нивните деца да застанат во првите борбани линии. Посебно тие ни искажуваат благодарност затоа што ја кажувам вистината.

Овој момент сакам да ги поздравам сите ониа што ми *се* јавија и на кои не успеав да им одговорам, телефоните што ги оставија, а се извинувам на тие што не успеав да им возвратам и да им одговорам на нивните барања да се слушнеме или да се видиме.

Господине Пајкоски бидејќи вие спомнавте дека јас лажам, а мене господине Пајкоски, прашајте ги студентите, тие кои посабно ги почитувам од вашиот крај ќе ви кажат дека важам за еден од ретко чесните професори и дека не сум излажал и никогаш не сакам да излажам. За мене најголем грев е лажењето.

Јас пак ќе ви повторам. Вашата партија се огради од терористите, вие не се имате оградено, лично вас ви го упатувам прашањето. Господине Пајкоски вие лично.

Втората невистина што ја кажавте, вие кажавте невистина не јас. Јас не реков дека ќе ги рушиме минарињата. Не треба да се рушат. Јас реков две минариња кога идам од Тетово убаво изгледаат, но ние ќе изградиме крст уште повисок да ги надвишиме. Запамтете добро. И реков да се знае кој е газда во Македонија - крстот. Тоа го кажав господине Пајкоски.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Според старата изрека на тие што не ја зборуваат вистината нешто им се случува, мислам по изгледот и како што се сеќавам јас господинот Вангел Симев кога дојде во Собранието немаше брада. За разлика кај некои што им расте носот кога не ја зборуваат вистината изгледа кај него расте брадата.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Брадата може да се остави и да избричи, но жалосно некој што не ќе може да избричи или што не ќе може нешто

друго да остане. Некој и рогови сам си навива и тие му остануваат, а некој ќе изиграва и предавник со потпис, и тоа ќе остане.

А брадата јас кажав кога ќе ја избричам. Оној момект кога ДПМНЕ ќе ја изгуби власта, јас реков јавно и повторувам се додека е ВМРО-ДПМНЕ на власт јас брада ќе носам. Кога ќе падне од власт јас брадата ќе ја избричам. Си стојам на зборот. Значи, повторувам, човек од збор сум.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас сакав да демантирам една невистина изнесена од господинот Стојменов за наводната сепарација на учениците албанци во Куманово.

Господине Стојменов колку за да бидете информирани - таква работа направи министерот Новковски кога без причина учениците во основното училиште Братство Мигени во Тетово ги подели и учениците македонци ги однесе во друга зграда да ја продолжат учебната година, додека кога под закани, при што настрадаа и професори албанци од ученици македонци истото го побараа тој им даде отказни решенија и на директорите и на 70 наставници. Тоа е министерот Новковски, алијаз е ломентарна непогода за образованието во Република Македонија, а не учениците албанци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за господинот Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Очигледчо господинот Зибери воопшто не ја разбрал поентата за што зборував јас. Јас зборував генерализирано, како политички став дека ние сме јасни, сме против сегрегацијата од било каков вид и било кој да ја прави. Така да незнам зошто тој сега се наоѓа засегнат и во каква улога се нагога овде кога брани некој кој се грагирал и некој кој не се грагирал. Ние тоа го рековме како генерален став. И тој кога би се изјаснил за еден таков став и би ги почитувал како став и би го изразил како став на неговата пратеничка група и неговата партија, што би бил добар за иднината на Македонија. Тоа беше интенцијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, учениците албанци ќе се вратат, тогаш кога ќе се вратат македонците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за господинот Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:

И со овој исказ господинот Зибери прави сеграгација и кетоизација на албанци и македонци. Значи сепак е тој на спротивна позиција од мене.

(Господинот Никола Поповски од место реагира дека расправата по овој амандман е завршена).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така ме информираа, но во стенографските белешки не најдов

ништо такво.

Еве му давам збор на господинот Бошков и со ова завршуваме.

**ЈОРДАН БОШКОВ**:

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Имаше многу нестрпливи пратеници, пред два дена кога јас настапував по овој амандман. Јас имам целосно разбирање за тоа што некој божественото го кошта, му смета. Еве јас нема да излевам било какви зборови кои имаат навев од тие теми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам внимавајте ова е политички разговор. Ова не е храм.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Само да ве потсетам господине претседателе, пред два дена јас кога настапував и кога легитимно добив збор да зборувам по оваа точка, јас престанав да зборувам од едноставни две причини.

Прво, немаше кворум, а уставна норма е да има кворум во салата. Второ, имаше нетрпение меѓу колегите, не сакаа да слушаат. Јас замолив да се обезбедат услови да можам да продолжам.

Тоа што вие сте се одлучиле, јас ви честитам за тоа, да се продолжи дебатата по амандман VII. Тоа е правилна одлука. А јас на ценетите колеги и колешки нема да им додевам со мои размислувања околу верските прашања. Едно сфатив, можеби и порано ми беше познато, јас не сум ни дораснат за тие теми. Многу ми е жал што политиката во Република Македонија ќе успее дефинитивно кавги да внесе во верските заедници и во МПЦ. Засега ние имавме војна на терен, имавме војна со недефинирани групи терористи, бандити, како било, а во иднина со оваа дебата и со ваквиот амандман политиката успеа да проектира конфликт меѓу верските свесни граѓани. За тоа многу жалам и ќе останам на моето гледиште. Паметно беше воопшто да не се менува било што во член 19.

За поштеност меѓу граѓаните и граѓанките би сакал учесниците на разговорите кои тоа беа, а прераснаа во преговори и на крај беа заклучени со Рамковен договор, да истапат чесно и отворено, кој заговараше промена и за што во член 19 од Уставот на Република Македонија

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине Андов сакав да реплицирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право на реплика. Вие реплициравте два пати.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Само една секунда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ниедна, ни две секунди. Право немате за реплика, затоа што два пати вие направивте реплика на неговото излагање. Потоа, господинот Стојменов ви одговори. Јас внимавам на правото за реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе само на кратко.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. Работата е во тоа што после секој ќе сака да одговара додека може да одговара. Немате право. Се одговара и во друга прилика и ќе му одговорите и надвор и секако. Овде не се добиваат права заради чувство. Немате право трет пат да правите реплика. Два пати му реплицирате. Господиен Зибери немојте сега вие да го кршите Деловникот.

Четири години бевте претседател на Комисијата за деловнички прашања.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Сега на вас сакам да ви одговорам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема мене да ми реплицирате. Не постои таква можност.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес по амандманот VII.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Имам забелешка на вашиот коментар. Вие рековте четири години сум бил претседател на Комисијата за деловнички прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, и да не сте биле, 11 години сте пратеник.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Зошто тогаш вие велите нема да се оди на усвојување на амандманите ако 2/3 од нашата партија не се изјаснат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа ќе го расправиме.

Значи ја заклучуваме расправата по амандманот VII.

Минуваме на утврдување на Предлогот на амандманот VIII на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Процедурално за збор се јавува господинот Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Бидејќи амандманот VIII не кореспондира со точка 6.2. во делот јазикот и образованието, во делот основни принципи од Рамковниот договор, барам, ако е можно предлагачот, односно претставниците на предлагачот пред да почне расправата да ни објаснат, да не дискутираме за нешто што не треба и ако треба да дискутираме, да знаемедека требада дискутираме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Друг не бара збор.

Според тоа го заклучувам општиот претрес.

Господинто Абдула Алиу бара збор.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Зошто господине претседателе претставниците на претседателот не ми даваа одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е ова прашање или предлози. Претставникот оценува дека не е потребно и нема претрес натаму.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Он е должен да ми даде објаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е должен. Он сметадека го даледоволно јасно. Ако на не-кого не му е јасно нема сега поединечно да објаснува.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван претседателе, амандманот VIII, меѓу другото предвидува припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование, на начин утврден со закон. Ние мислиме дека ова е стар предлог, односно дека овој предлог беше и во поранешниот Устав и не ги задоволува интересите или потребите на сите граѓани во Република Македонија. Затоа мислиме дека или треба да се додаде нов став со кој ќе се предвиди и високо образование на мајчин јазик и на другите заедници. Ако не на сите, тогаш како што е предвидено во Рамковниот договор, основните начела, односно основните принципи точка 6.2. каде е предвидено дека припадниците на заедниците кои сочинуваат над 20% од населението во Република Македонија имаат право на мајчин јазик и во високото образование.

Сите вие знаете дека оваа тема, односно проблемот со настава на мајчин јазик во високото образование е една од најпотребните што сега треба да се реши, односно една од накомпликуваните во РМ, бидејќи имаме еден отворен проблем и треба да се регулира и проблемот на високото образование на другите заедници во јавните институции. Ние мислиме дека овој проблем е решен, само што не стои во Уставот, а оваа одредба треба да биде присутна и во нашиот Устав, бидејќи тогаш нема да имаме проблеми со некоја интерпретација односно вклопуваше на овој многу важен проблем.

Недостатокот на соодветното образование на националностите, на свој јазик обично генерира конфликти и ги загрозува меѓуетничките односи во Република Македонија. Мислам дека е време и тоа да се регулира на маногу јасен и чист начин, ако ништо друго,

бидејќи и порано националнотите имаа право на свој јазик да студираат, само што порано имавме една земја, Југославија, каде сите граѓани од целокупната територија на Југославија се осетивме дека сме граѓани на една иста држава. Тогаш постоеше принципот односно со Уставот од 1974 година, Уставот на СФРЈ предвидуваше припадниците на народите и народностите во Југославија, на териториите на сите републики односно покраини имаат право на настава на свој јазик, во согласност со Уставот. Значи сега ова право или треба да се регулира со закон или со Устав. Ние мислиме дека треба да се предвиди со Уставот на Република Македонија. Значи имаме конкретен предлог во амандманот VIII да се додаде нов став и да се уреди на таков начин што ќе стои - припадниците на заедниците кои сочинуваат над 20% од населението на Република Македонија, имаат право на образование на мајчин јазик, во високото образование. Се ова, за да немаме и натаму проблеми во Република Македонија кои не ни се потребни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на предлагачот.

Ова прашање, односно овој амандман спаѓа во доменот што сметам дека е доста болно прашање и тоа долготрајно болно прашање во однос на албанците и за жал сеуште се настојува да биде болно прашање, од причина што никој нема желба и политичка волја тоа да го реши. Тоа е едно прашање кое било генератор на политички тензии веќе 10 години во државава. Тоа е прашање кое дури произведувало конфликти, за жал, во нашата држава. Уште пожалосно е што никој паметен не излегол да даде објаснување за ова прашање. Значи не чувствува минимална одговорност, што е интерес на оваа држава и што е интерес на граѓаните на Република Македонија. Кон се ова, дури и луѓето надвор од политиката со минимални или никакви исклучоци, кои имаат сериозен пристап, сите други структури, за жал, кон ова прашање имаат до крај несериозен пристап, до крај необјективен пристап, до крај нереален пристап и ако сакате до крај не нормален пристап. Секја норамална држава на ова прашање ќе му посветеше посебно внимание, па дури да се работеше и за држави кои се многу посилни и многу поголеми од нашата држава. Меѓутоа многу е важно ова прашаше да се решава на демократски, на човечки начин и нормален начин. Наместо тоа да се направи кај нас од почетокот имаше деструктивен пристап кон ова чувствително прашање. Тој деструктивен пристап поаѓаше од позиции на сатанизирање на високото образование на албански јазик и со тоа на тетовскиот универзитет во Република Македонија, на албански јазик, со квази аргументи дека се работи за институција која не е образовна туку е политичка, институција која нема цел образуваше на кадри, туку едноставно постигнување на одделни политички цели на политички структури кои тогаш постоеја во политичкиот амбиент на државата. Се одеше на сатанизирање до тој степен што се велеше оваа институција е опасност по постоењето на државата Репуб-лика Македонија, опасност по територијалниот интегритет и суверенитет на државата, што е апсурдно. Мислам дека таква политика која постои и ден денес е доста кратковидна и неодговорна. Таа политика е доста слепа политика и не може поинаку да се нарече. Таква е од причина што сатанизира нешто што е најприродно. Верувајте, јас сум сигурен а верувам и вие сте сигурни дека поприродно од правото на некого да се образува, нема, затоа што е интерес на сите, што е општ прогрес, затоа што е витален интерес на државата Република Македонија.

Во повеќе држави прашањето на високо образование, односно на јазикот кој се употребува на овие институции воопшто не е материја на уставно-правното решавање. Значи не е уставна материја. Тоа е природна материја. Само постојат закони кои ги одредуваат условите за да се формира една високо школска институција, било да се работи за факултет и тн. Значи тука е прашањето од нумерацијата, дали ќе се појават одреден број на луѓе и воопшто не се поставува прашање на јазикот на кој ќе се одвива наставата. Тоа е нешто природно што им припага на сите.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ**: (продолжение)

Таква позитивна конотација за луѓето кои имаат кнструктивен пристап и сакаат да имаат објективен пристап кон ова прашање, Уставот на Република Македонија и до сега не беше пречка да се легализира оваа институција од причина што општо начело на сите демократски устави е дека, се што не е забрането со Уставот, е дозволено. Значи, се што изрично не се забранува со Уставот, општа претпоставка е дека тоа се дозволува. Кај нас, за жал, такво толкување на Уставот ние немавме, туку имавме политичко толкување или подобро да кажам, дневно политичко толкување на Уставот. Зошто ова го говорам? Ова го кажувам од најмалку две причини.

Првата причина, за мене е, политичките изјави кои беа дадени и уште се даваат во однос на високот образование на албански јазик, а тие беа, повикувајќи се, наводно, правни документи зошто ова не се дозволува, од причина ваква. Од самиот факт што според член 7 на Уставот е само македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, службен јазик, значи јазиците на националностите само уживаат употреба во рамките на локалната самоуправа, не се дозволува високо образование, образовни институции на друг јазик освен македонскиот јазик. Тоа е првата варијанта на политичките изјави, кои беа давани, можеби сеуште се даваат, што е до крај

нереално, необјективно, па да не кажам и неодговорно.

Втората констатација во рамките на политичките изјави дека членот 48 на сеуште постојниот Устав, не дозволува образование на мајчин јазик, освен во основното и средното образование. Секој паметен, воопшто не треба паметен политичар да биде, за да дава природно толкување на оваа формулација. Мислам, секој човек, па и доктор да е, да има минимално познавање, дури од печатот во однос на правите прашања, веројатно ова прашање ќе го читаша вака. Дека, сегментот на основното и средното образование, тиа се општа гаранција под која никако не се може. Тоа а долната линија под која *се* наможе. А, горната линија е неограничена и тоа е слобода. Меѓутоа, тоа така на се чита. И, не само тоа, што е уште полошо, сега, правнита институции или правното толкување од страна на институциите, тоа беше Уставниот суд, кога беше донесен пред чатири години Законот за педагошки факултет, од прилика така се викаше и тогаш имаше толкување и некој покрена иницијатива пред Уставниот суд, какво толкување ќе даде Уставниот суд врз основа на Законот што беша донесан од страна на ова Собрание. Судот, априори, Уставниот суд донеса ваков заклучок од прилика дека националностите немаат право на високо образовни институции на свој јазик. Значи, тоа е начелно, освен ако се работи за стручните педагошки методски предмети од Педагошкиот факултет, затоа што од самиот факт што членот 48 прадвидува основно и срадно образование, треба да се претпоставува дака траба да се образуваат кадри, кои ќе прадаваат на овие школи и институции. Тука се најде излезот и покритието за факултетот, Педагошкиот факултет, Законот за Педагошкиот факултет.

Вака, разговорите кои беа одржани во Охрид, токму последниот ден, ми се чини оваа тема беше готова да се решава со еден своевиден политички консанзус, меѓу сите релевантни политички партии, кои присуствуваа таму, меѓутоа, се случи нешто неочекувано, но фактички тоа са претвори во алиби, некој да не прифаќа такви обврски, што исто така, сметам дака е неодговорно. Сега, што можеме ние да направиме? Еве, ќа кажам нешто повеќе од тоа што мислам дека во јавноста траба да се кажа, затоа што може да се зне за негативна конотација. Верувајте, дека било што да смениме ние во Уставот и тоа да го напишеме со дијамантски букви, ништо нема да направиме, ако на го решиме прашањето на високото образование на албански јазик. Верувајте, дека тоа е така. Тоа е факт, кој било кој од политичките структури, дали се согласува или не се согласува, ништо не менува по содржината. Тоа е една автономна сила која така дејствува. Било кој да се согласува со промени, измени или незнам што, и секакви колеџи итн., ништо нема да смени од тоа, туку напротив ќе комплицира повеќе од тоа. Бидете сигурни дека тоа е така.

Затоа, јас апелирам во силата на ова собрание, колку и да е таквата сила и самоодговорноста на луѓето кои се во ова Собрание, да си се надминеме и лично и партиски. Да си најдеме решение, од причина што, реков, било што да напишеме во Уставот, кој ќе сметаме дека идеално ако овој сегмент не се решава, тогаш ништо не сме направиле. И, обратното. Еве, ќе се осудам да кажам дека и обратното, иако некој можеби нема да се согласи со ова.

Да кажеме и нешто, кое исто така не е од моја природа да се каже толку јавно, меѓутоа, тоа го мислам. И, да беше и од спротивната страна, истото ќе го кажев. Ако имаме барање од 10 души свештеници кои не се согласуваат со одделни промени на Уставот, неоправдано барање е од причина што се бара другиот да биде нешто пониско, или воопшто да не фигурира, а тоа ќе се најде и ќе го почитува тоа барање. А, од другата страна имаме барање од 15.000 студенти, праведно барање, за разлика од првото и некој не може и не сака да се справи со ова прашање. Не случајно реков и поинаку да беше, на пример барањето на 10-мина оџи со 15.000 студенти македонци, да мрдне, го има истото значење. Ова го кажувам многу одговорно, најискрено многу одговорно. Се работи за граѓани кои се од витален возраст, кои се иднината на државата. Навистина, би требало да внимаваме, да се седне и да се најде решение за ова прашање. Има мислење дека ова прашање само треба да се изнајде по приватните Универзитети и незнам какви. Тоа е многу лошо, искрено лошо мислам од причина што, прво, комплекс ќе се создаде кај луѓето дека помалку важат од причина што за некого државата дава, за некого не дава, а истите придонесуваат да се полни тој буџет. И, тоа автоматски ги рангира граѓаните како од прв ред и граѓани од втор ред. Сакале ние тоа да го признаеме или не, тоа е реално.

На крајот уште една реченица, која вреди да се каже. Ако некој мисли дека, еве, ПДП не е кооперативна при ваквите ситуации и состојби, па измислува "вакви работи", да ви кажам дека не е така. Еве зошто не е.

Прво, олеснувачите излегоа со еден предлог пред три месеци и во јавноста тој предлог беше дочекан на нож, со што олеснувачите се принудија да излезат со втор предлог, многу подеградиран од првиот предлог. Значи, првото ПДП го прифати. И другите албански партии го прифатија тоа. Имавме второ попуштање. Второто попуштање беше последниот ден кога требеше да се изнајде решение за високото образование на мајчин јазик во Охрид. Следуваше третото попуштање. Тоа е сега амандманот, кој се однесува на преамбулата на Уставот. Следува четвртото

попуштање или самоволно земање, а некој тоа го толелира, тоа е амандманот кој се однесува на верските заедници, кој е променет без консултации на Солана и другите претставници. Значи, фактички резултатот е 4:0 во загуба на тој што сега му се наметнува дека е против спогодбата или сака да ја кочи спогодбата итн. Јас лично не сакам да имам таква улгоа на марионета тука, затоа што политиката е баланс и ако јас не се вклучев во тој баланс, тогаш немаше да учествувам во таа политичка игра, подобро ќе бидам настрана и веројатно такво нешто можеби ќе се случи, кој сака да остане марионета тоа е негов проблем и негова одговорност.

На крај да кажам дека констатациите од некои вчера кажани дека одговорноста за блокирањето на процесот, го има Андов и ПДП се ступидни до крај, од причина што одговорноста едноставно ја имаат трите партии, ВМРО, СДСМ и ДПА, затоа што се согласија да се ревидира спогодбата без согласност на уште едниот член на таа спогодба.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Јас би сакал да поставам неколку прашања до предлагачот на амандманите, затоа што како човек, кој што малку се занимава и стручно со материјата по Уставно право, ми делува крајно нелогична терминологијата која што се употребува.

Имено, ние го претресовме амандманот IV. Во амандманот IV се употребуваат термините народи, па македонски народ, па деловите на другите народи итн. Меѓутоа, таа логика на амандманот IV во ниту еден друг член на Уставот на Република Македонија и тој што ќе остане и овој што ќе го промениме со амандманите не е употребен. Затоа, сега се создаваат големи дилеми, недоразбирања и уште тие ќе прераснуваат понатаму. Имено, се употребува не дефиниран термин "заедници". Значи, имаме народ, македонски народ, делови на други народи, па се зборува на албанскиот, на ромскиот, на српскиот, на влашкиот, на бошњачкиот итн., народ, нели, а овде се употребуваат "припадниците на заедниците".

Затоа, би сакал предлагачот да ми објасни на што се должи и дали во натамошниот текст ќе дојде до усогласување, барем на терминологијата помеѓу овие амандмани заедно со преамбулата, па тие заедници ќе бидат именувани, како што се именувани во преамбулата. Тоа е првото прашање. Бидејќи амандманот VIII постојано говори за заедници, ве молам, јас не сакам да припаѓам на заедници и незнам на која заедница припаѓам и кој е мојот културен, образовен и друг идентитет се штити како на заедница. Дали тоа значи дека јас ќе морам при пописот да си го носам тоа како документ, припаѓам на таа заедница. Мора тие заедници да бидат именувани. Ако се веќе утврдува терминот заедници.

Понатаму, се поставува прашањето дали со сепарирањето на луѓето по заедници или по основ на заедници, се напушта граѓански концепт на државата. Што станува со првата реченица од преамбулата и со вториот член од постојниот Устав, кој што не се менува. Дека, граѓаните се носители на суверенитетот односно, граѓаните на Република Македонија, па македонскиот народ, па натаму се редат, но прво се граѓаните на Република Македонија. Дали сега го напуштаме со амандманот VI и со другите амандмани натаму, граѓанскиот концепт и на кој начин мислам дека се развива граѓанскиот концепт на државата со употребата на терминологијата, недефинирани заедници?

Понатаму, дали има место во Уставот односно во овој амандман и употреба на терминологија која е исклучиво материја легис, а не е материја конституционе, односно уставна материја. Кога тоа го велам, пред се мислам на првиот став, последните зборови "и да ги употребуваат симболите на својата заедница". Па, ќе ве молам, јас познавам симболи на држава и симболите на државата се елемент на уставното уредување, а симболите на заедниците се дел на законска регулатива. Јас можев некако да прифатам, ако овде стоеше дека симболите на заедниците ќе се утврдуваат со закон. Ама, неопределено, симболите на заедниците да бидат уставна материја, тоа е и премногу и не е дефинирано, и ќе биде извор на бројни проблеми.

Јас укажувам на предлагачот, бидејќи сеуште водиме општа расправа по ова прашање, не се ова мои амандмани или амандмани како пратеник што ги поднесувам, туку пашања за размислување, при конечното дефинирање на текстот. Бидејќи, со тоа ќе создадеме големи проблеми во практичната примена во овие уставни амандмани и се разбира многу тешкотии во разјаснувањето пред Уставниот суд, кога ќе дојде до одредени спорови.

На тоа обрнувам внимание, затоа што мислам дека, доколку сеуште е време предлагачот да ја усогласи терминологијата која што ја смени веќе во амандманот IV и понатаму таа логика да ја следи во останатите амандмани на Уставот. Толку како мој прилог во оваа општа расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Каранѓелески Радомир.

**РАДОМИР КАРАНЃЕЛЕСКИ:**

Благодарам г. претседателе, сосема накусо. Јас ја разбирам тешкотијата од ваша страна да се води сметка, меѓутоа, сосема се сложувам со дискусијата на претходниот дискутант, само сакам да укажам на една работа.

Во дискусијата на г. Мерсел Биљали тој изнесе дека еве и Солана се сложил или не се сложил, итн. Јас сакам да појаснам дека ние Уставот односно уставните промени на постојниот Устав на Република Македонија ги донесуваме за граѓаните односно државјаните на Република Македонија, а колку што ми е познато г. Солана, Робертсон и другите што доаѓаат и си одат не се граѓани на Република Македонија и не знам што е толку загрижен за таа работа, бидејќи ние за себе си го носиме овој Устав. И, кога веќе земав збор, и да го дадам ова појаснено, сакам исто така, да појаснам и за пратениците и за пошироката јавност дека не постои конвенција, резолуција или било каков документ во меѓународната регулатива и препораки итн, во врска со оваа материја, однесувајќи се на правата особено за јазикот зборувам, за кој што зборуваше г. Мерсел Биљали, каде што се наложува на било која земја во високото образование, како стандард, како препорака, мора да го вклучи јазикот на малцинството како што во терминологијата се кажува во тие конвенции. Можеме да ги видиме сите тие. Со оглед на тоа и со оглед на големи маки при што е донесен Законот за високото образование, кој што ја дефинира оваа сфера и кој што овозможува нормално тоа да бидат приватните институции, не знам зошто се враќаме на почеток и сееме магла со едни такви прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас кога го спомнав господинот Солана, го спомнав во контекс на тоа што човекот воопшто не бил запознаен дека имало промени во Амандманот со кој се уредува статусот на верските заедници.

Верувајте, денеска имавме средба со господинот Пердју, тој дури денеска е запознаен дека тој амандман има такви промени. Тој бил информиран дека амандманот, што се однесува до верските заедници нема никакви измени освен што се додаваат и други верски заедници, но не беше така, тој се зачуди кога рековме дека таму е направена една градација на верските заедници што тој се зачуди. Значи, ние сме направиле нешто надвор од спогодбата, надвор од претставниците кои ја потпишаа оваа спогодба.

Што се однесува до јазикот , ке ви покажам многу важни слики, намерно дискутирам од место затоа што можат да се гледаат оттука, од 190 8 година под турска окупација како што кажуваме денеска, тогашна поштенска карта - службена, мислам дека може да се види (ја покажува картичката) имам две,три на три јазици од 27 јули 1908 година, тука во Скопје, на Балканот. Практично по еден век се расправаме за јазичната рамноправност што е надвор од секој ум. Благодрам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ви кажам вака со усул да се употребуваат имињата на странските олеснувачи. Ова е неверојатно што го кажа господинот Биљали за господинот Пердју, нека ја прочита телеграмата па ке види за што зборува Пауел. Пауел го поддржува најновиот текст на Амандманот VII.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ**:

Благодарам господине претседателе, сосема накусо. Зошто го спомнав проблемот, фактички господинот Биљали ја потврди мојата теза,а јас кажувам дека ние си го правиме Уставот. Денеска имаме информации дека наводно господинот Робертсон ни предлагал нов текст на преамбула, но за тоа треба еднаш да се каже на јавноста што е вистината. Јас прашувам, бидејќи не учествувавме во тие разговори да се симне велот од тие работи и да знаеме за што зборуваме и на кој начин која процедура ја усвојуваме и се придржуваме кон сите тие разговори со олеснувачите. Зошто? Ако е тоа така како што пишува во печатот, тогаш ние не сме држава, ние сме најобичен протекторат, па во таа смисла јас сакам, а и вие господине претседателе да интервенирате и да дадете појаснување ако знаете како тоа се одвивало. Благодарам.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, претседателе, прашањата кои беа поставени околу некои спорови кои ги слушав и на Уставна комисија а и сега на Парламентот околу Амандманот VIII нашиот став е следен.

Дел од проблемите и дел од конфузиите настанаа од припадниците на заедниците кои не се мнозинство мешаат две работи. Правото на образование не е дефинирано со овој член, право на образование на сите граѓани во Македонија на албанците, македонците и сите други е дефинирано во членот 44 од Уставот. Овој дел се однесува на заштита на културниот идентитет на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство, а не на дефинирање на нивното право на образование. Правото на образование на сите е дефинирано со членот 44. Овде се дефинира право на заштита на културниот идентитет преку образованието преку употребата на јазикот во образованието а не правото на образованието. Затоа се даваат степени како се штити тоа. Овде нашите решенија и претходно и сега спаѓаат во највисоките европски стандарди за заштита на правото на културен идентитет преку образованието. Таму не се дефинира правото на албанците на образование, не е во овој член.

Второ прашање е прашањето што се однесува, не постои меѓународен стандард кој утврдува повисоко право на заштита на културниот идентитет преку јазикот во образованието од овие кои се внесени овде, ниту рамковната конвенција за национални малцинства, ниту повелбата на малцински јазици, ниту било кој друг елемент односно инструмент.

Трето, од тој аспект немавме проблем во процедурата и со странските експерти ја утврдивме содржината на членот како стандард кој е еден од највисоките во европската парламентарна пракса.

Четврто, во Рамковниот договро дополнително во делот за образованието употребата на јазици се користи и се дава право односно државно финансирање на униветзитетит, така се вели институција на високо образование на јазиците на  кои зборуваат најмалку 20% од населението што значи дополнително се стимулира употребата на јазикот на овие заедници и во високото образование.

Понатаму, документот не може да утврди и не може да и одреди на Владата со посебни согласности со кој од тие повеќе институции ќе склучи таков договор, тоа не може да биде елемент на договор, тоа веќе претставува политички проблем меѓу партиите, но, не е образовен проблем во Македонија.

Понатаму, овој дел не го загрозува на ни еден начин граѓанскиот концепт на Уставот како што е познато дека вакви делови дополнителни права за заштита на културен идентитет постојат како стандард и се императивен стандард во современите устави. Тоа на ни еден начин не ја загрозува граѓанската конституција и основниот низ на еднакви граѓански права, туку се работи за дополнителни права, сет батерија на дополнителни права за  заштита на културниот идентитет и тоа е стандард, тоа никаде не е ниту дискриминација на другите кои ги немаат овие дополнителни права, ниту се смета за етнизација на таквите устави.

Терминот делови од народот во Преамбулата и заедници е всушност од различен аспект осветлени исти ентитети, во Преамбулата тоа е регионален концепт на припаѓање во етничка смисла на делови од народи, а во уставниот текст е акцентот на инклузија односно на интегрирање на тие заедници, припаѓање на едно општество. Затоа се користи терминот заедница.

Терминот заедници е замена за зборот националности, тоа е јасно и во тој дел се употребува и во тие членови се употребува. Терминот национално малцинство не се користи во таа смисла од 1963 година, тоа не е проблем сега, ако веќе се поставузаат такви проблеми,

Последниот дел околу симобилите е следен во рамковната конвенција за национални малцинства постои експлицитна одредба во која се користи терминот од претходниот член, културен идентитет, но и посебно се спомнувааст симболите затоа што претставуваат посебн чувствителен елемент на културниот идентитет на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство. Затоа посебно е ставен односно напоменат во амадмнанот.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Ќе постанам пресреќен ако тоа што се кажува е само технички проблем од причина што вака како што госпдинот Фрчковски како претставник на предлагачот го изложи прашањето тоа е само техничко прашање.

Овој амандман кој е поднесен на наш амаднман не треба да се поднесува на овој амандман, туку на членот 44 од Уставот што е само техничко прашање. Значи, проблемот ако се сака може да биде решен меѓутоа не е така, бидејќи така како што стои во Амаднманот VIII практично за заштита на идентитетот на заедниците,како што стои таму можат да се формираат институции, па и научни, меѓутоа, тие се лимитирани за национална историја, национална култура, катедра за албанологија или турски јазик, или ромски јазик, тоа е духот на тој член, не е пречка да се додаде тоа што ние предлагаме.

Меѓутоа, ако се мисли дека технички не му е местото таму туку во членот 44 ајде да напишеме во членот 44 дека сите имаат право на високо образование на свој јазик согласно законот. Прашањето е затворено и решено. Тоа е правно. Политичкото, ако може претставникот на предлагачот да ми одговори иако не е должен, бидејќи тој е само претставник од правен аспект, како да изнајдеме решение за овие луѓе кои јас цело време ги спомнувам. Како? Затоа што тие веќе како такви се генератори на тензии и конфликти, тие се политичка муниција за тензии и конфликти. Тие се стимуланси, политички стимуланси за тензии а нормална држава и нормалните луѓе би барале решение, би нашле решение за тоа. Тоа е прашањето. Благодарам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ќе реплицирам со претставникот на претседателот. Зошто имате аверзија господине Андов, кога јас барам збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам да знам што е дали е реплика или се јавувате за збор. Ако се јавувате за збор ќе почекате бидејќи за реплика се јавува и Саво Климовски. Јас си гледам овде и ја терам работата како што треба а не аверзии, многу сте чувствителни се работи само по редот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

А кога јас ве критикувам по медиуните господине Андов тоа не ви дава за право да ми го ускратите правото да настапувам тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете си и по медиумите и овде.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се додека така постапувате јас ќе ве потсеќам на деловникот и уставот.

Господинот Фрчковски се обиде да ни појасни зошто имаме ваква формулација во Амандманот VIII која се однесува на прашањето на образованието обидувајќи се ставот 4 од точката 1 од амандманот VIII да го третира само

во рамките на прашањето на заштитата на заедниците или сметајќи ја оваа одредба како корпус на заштита на правата на националностите, но сега во сверата на образованието.

Факт е дека едната димензија од оваа одредба е тоа што господинот Фрчковски *то* кажа, но не е само тоа, бидејќи оваа одредба во става лимитот до кој како право одредена заедница што живее во Република Македонија може да има и да остварува право на образование на мајчин јазик. Впрочем, доколку не е така еве јас му поставувам прашање на госпдинот Фрчковски, тој 1994 година беше министер за внатрешни работи, тогаш беше формиран тетовскиот универзитет. Според неговот толкување на Уставот и токму на оваа одредба од Уставот не беше прифатена иницијативата која беше согласно тогашниот закон за насочено образование основан тетовскиот универзитет со одлука на три општински собранија и господинот Фрчковски изгради став дека тоа прашање е надвор од Уставот. Согласно тоа таков став имаше и тогашната Влада, согласно тоа имаше таков односи и Уставниот суд во толкувањето на овие одредби. Тоа е едно.

Второ, доколку тоа не е така господинот Билали кажа бидејќи не е намерата преку оваа одредба да се лимитира степенот на кој ќе се изведува наставата на јазиците на заедниците, тогаш ајде да го кажеме тоа во членот 44 и да поднесеме амаднман и да кажеме дека секој има право на образование на мајчин јазик и точка. Значи ја знае тенденцијата. Право на образование има секој граѓанин во Република Македонија, но право на образование на мајчин јазик граѓаните македонци го имаат во сите нивоа, а граганите од другите заедници односно националности по актуелната терминологија имаат само до средно образование. Друго е прашањето што Законот за високо образование посебно го третира прашањето на можноста од основање високо образовни институции на други јазици, внимавајте на други јазици и таму не стои на јазикот на националноста се разбира таму не се осудил предлагачот да стави препрека да се отвораат високообразовни институции да речеме на англиски јазик, како што впрочем се третира Штуловиот универзитет каде предметите или грото на предметите ќе треба да се изведуваат затоа што сеуште тој не функционира, бидејќи нема студенти, на англиски јазик.

Трето, господинот Фрчковски убаво кажа не можеме ние со устав да одредиме да се основаат универзитети и високообразовни установи на јазиците на заедниците односно националностите, туку во основ-ните принципи на Рамковниот договор од Охрид, во точката 6.2 стои дека ќе се фирнансира со посебен договор и образованието на заедни-ците кои имаат над 20% од вкупниот број на населението во Република Македонија и соодветно на тоа господинот Фрчковски извлекува заклучок дека е тоа право на Владата со која високообразовна установа која изведува настава на јазикот на заедницата ќе соработува односно ќе финансира, што значи консеквентно на тоа државата може да отвори во рамките на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" посебни катедри или да финансира дел од образованието на Штуловиот универзитет или да смисли некоја трета солуција, но никако и легализација на тетовскиот универзитет односно основање на државен универзитет, јавен универзитет на кој ќе се изведува наставата на јазиците на заедницата во конкретниот случај заедница која има над 20% во вкупниот број на населението.

Јас навистина му изразувам благодарсност на господинот Фрчковски кој сепак имаше доблест да ја каже конечната намера на таквата формулација и ставот зошто тој е во Рамковниот договор,во основните принципи, но не е во анексот а каде што се уредуваат прашањата од уставен карактер односно материја конституционис.

Епа господо што ги застапувате ваквите тези да ви кажам дека тоа не е добро и дека албанците упорно бараат да имаат високо образована установа од јавен карактер подеднакво како и двата постојни универзитети "Св.Кирил и Методиј" и "Св.Климент Охридски". Тоа е прво.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**:(продлжение)

Второ, неверувам дека ќе помине тезата кај албанците, преку сурогатот Штулов универзитет ќе се уништи Тетовскиот универзитет. Земете ги последните податоци, ќе видите и едниот и другиот универзитет колкав број на студенти запишале во првата гоедина, зошто сеушт штуловиот универзитет има проблеми од овој карактер.

Вчера имав можност по средбата со г-динот Робертсон да разговарам со г-динот Штул кој рече дека прашањето на високото образование, за жал, не ќе можеме да го затвориме со мојот проект и дека од исклучива важност за профункционирањето на таа институција ќе биде ставот на г-динот Сулејмани, за кого имаме мислења какви што имаме. Не навлегувам во тоа. Но, тој признава за да се направи функционален неговито проект, ќе треба да има согласност од г-динот Сулејмани, зашто една од одредбите и во Законот за високото образование е прашањето на флуктуација односно преминување на запишаните или студентите кои завршиле на Тетовскиот универзитет во универзитетот на Југоисточна Европа.

Како што гледате овие прашања се многу покомплицирани, многу посериозни и не ќе можеме со волонтаристички пристап на Валдата, определувајки се она кого ќе финансира, кого не, дека ќе го реши проблемот со високото образование на албанците. Но, од принципиелни причини не

сакав да дискутирам за ова прашање, бидејки ова прашање е третирано во рамките на Охридскиот договор зад кој ние стоиме. Но, две основни причини се зошто излегов да ги изнесам овие мои ставови:

Првата причина е фактот што токму предлагачот, во име на трите лидери на политички партии си зема за право да го промени членот 19 од постојниот Устав, односно амандманот за промена на членот 19 и амандманот VI кој се однесува на преамбулата .начи принципот е нарушен.

Второ, одговорот на г-динот Фрчковски, кој беше искрен и кој на многу пластичан начин на албанцита им стави на знаења што значи оваа одредба и како прадлагачот на Уставот размислува дека ќе се решава ова прашање и даде упатство или порака до Владата како да постапи при финансирањето на високото образование на албански јазик.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Има збор г-дин Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Навистина, откажувањато на претставникот на претседателот некои работи сега ми станаа сосема јасни. И тоа јасни, можам да ви кажам во наводници, затоа што ќе ви укажам и со еден пример, каде ако има десет луѓе, граѓани кои слушаат и разбраа некои работи од неговото излагање, навистина би сакал тие поподробно да ми објаснат што тој имаше намара да ни каже.

Имено, за што станува збор? Овде се расправаме три месеци и никако не можеме да излеземе од лавиринтот дека имаме еден лош политички документ, тоа е Рамковниот договор. И сега , тој лош политички документ се настојува да са овде смасти во одредени правни норми, но правни норми така како што тие ги разбираат, а *не* како што траба да бидат јасни и разбирливи за секој граѓанин во оваа држава.

Имено, ние говориме за не политички документ. Политичкиот документ нема траен век. Политичкиот документ е разултат на одредени политички сили и односи и притисоци. Но, уставниот документ претставува уставна материја како највисок правен акт и токму затоа тој треба не само да им е разбирлив на сите , туку треба секој да го толкува на подеднаков начин. Ќе ве молам, што тоа значи во конкретниов случај? Демек, во праамбулата постоеле народи но овде се заедници поради инклузивноста нивна. Па, не сме ние на некој семинар овде, научен, па ќе се докажуваме? Значи, ќе ги истопуваме во таа инклузивност внатре, а према надвор ќе бидат делови на народот. И, со кого тие ќе бидат инклузивни овде? Со македонската заедница? Со макеоднскито народ? а, треба да се каже конечно со прави, едноставни зборови да ги разберат сите.

Токму затоа јас останувам на тоа предлагачот да ја преиспита терминологијата на амандманот VII со тоа што го кажува понапред во амандманот IV . Само така можеле да имаме конзистентност во структурата на Уставот.колку што е тоа можно. Инаку, дека ќе има страшни внатре неконзистентности, разлики, однапред можам да ви кажам и дека ова Собрание Ќе се позанимава со многу одлуки на Уставниот суд каде ќе бидат поништени разноразни закони. Тоа е друго прашање.

Затоа што, ако на ова го додадам, г-дине претседателе, и прашањето што ние на оваа седница покрај усвојувањето на амандманите немаме и закон за нивнот спроведување, тогаш ќе видите какви проблеми ќе настанат. Па да се каже дека законот за локална самоуправа ќе се донесе за 2-3 -6 месеци, па законот за јазици ќе се донесе за 2-3-5. не може од моментот кога стапува во сил. Затоа ви обрнувам и Вам внимание , да му кажете на предлагачот, напоредно со ова оди и еден посебен закон, уставен закон што е дел на Уставот, во кој што точно ќе се утврди. Земете го постојниов Устав. Симболите требаше за 6 месеци да се донесат. Законот за трговски друштва за две години да се донесат и т.н. Дали се донесени или не, тоа е друго прашање. Не навлегувам зошто не се донесени, се утврдува еден период во кој што не можат непосредно нормите да се применуваат. Во оној момент ког ание ќе го усвоиме законот за прогласување на уставните амандмнаи, усатавниот закон, тие се применуваат од истиот момент. Ако не го усвои и законот во кој што ќе ја утврдиме и динамиката на подготовката и нивната примена, навистина, укажувам на чисто правна материја. Тоа ми е должност овде и како професор, како пратеник и како ваш колега да укажам и да апелираме да се донесе и таков закон, да се понуди и таков закон кој што напоредно со прогласувањето на уставните амандмани, ќе се утврди и динамиката на донесувањето на законите и другите прописи за нивно спроведување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници,

За амандманот VIII имам свое мислење и сакам да го искажам. Ми пречи недефинираноста на амандмнаот VIII , бидејки е тука г-динот Фрчковски, сакам да му поставам едно прашање , бидејки тој го образложуваше, но тоа образложување не може баш никој да го свати. А, не верувам и нему дали му е јасно.

Зборот заедници, терминолошки може да се поклопи со малцинства. Зошто постојано бараме несоодветни зборови. До кога? До кога хибридни решенија ќе нудиме, живееме во средина, напомнав и пак ќе напомнам за која африканците сметаат дека најнецивилизиран свет живее токму на југот на Балканот.

Мора точно и прецизно да кажеме што се подразбира под зборот заедници. Ако целиот свет има прифатено збор многу дециден, јасен, малцинство, зошто бегаме од зборот. Нема кој да се навреди. Ако едно исто значи, целиот свет го употребува зборот малцинство, зошто ние да не го прифатиме зборот малцинство? Кој ќе се навреди? Да не одиме на задоволвуање лични интереси. Јас не сакам ова, јас не сакам она. Ако почнеме така да ги задоволуваме интересите на малцинствата, каде ќе ни биде крајот. Од тие причини нашата партија се изјасни дека нема да го прифати, не само овој амандман туку вкупно, целокупниот Рамковен договор.

Исто така сакам да одговорам на господата Биљали и Зибери, бидејки бараат високото образование да се вметне во членот 8. Господине Биљали и Зибери, да ве потсетам кога се носеше Законот за високо образование, колку бевте среќни и баравте закон за високо образование. Јас и тогаш, напоменувам, бев против. Оти, знаев, бев свесен дека не ви е целта високото образование. Целта е сосема друга. Безборј пати ја имам повторено и пак ќе повторам голема Албанија. Во безброј документи тоа го имаме прочитано. Тајни документи, јавни документи, секаде се обелоденува и на карти и на се. Зошто отворено да не прозбориме. Дајте да прозбориме отворено. Знаете дека сите војни почнале токму на Балканот. И третата светска војна сакате да почне на Балканот?

Зошто , кажете?

Дајте да се договориме. Ако ви е за образование, има начини да се реши образованието. Најдовме квоти, измислени, на високото образование на двата универзитети, се запишувате. Еве, имате Универзитет во Тетово. Два универзитети. Дури, би рекол, кога го спомнав и овој универзитет, не се сеќавам на името на професорот кој повика , на парауниверзитетот на немири. Сулејмани. Кој повика на немири и ги подржа паравоените формации. Тоа не смее да се случи од професор на високо образование.

Тоа го потврдува она што пред малку го кажав. Зошто да не влезе во овој закон? Имам и образложение. Бидејки со самото барање, Европската заедница си зеде обврска да го финансира Штуловиот универзитет, од каде кажете средства на оваа сиромашна бедна земја за високото образование. Знаете дека во едно восоко образование во кое и јас сум професор, цел месец работам со 600 германски марки, а уште кога 6и се отворил и друг универзитет на малцинствата, зошто тоа да не бараат, сосема ќе бидат во право ако бараат и другите малцинства универзитет. Од каде пари, кажете? Од каде пари? Дури и за богатите земји, да ја земам за пример Германија, малцинствата, ова го зборувам уште додека постоеше Југославија, бидејки имам многу пријатели кои работеле таму, во југословенските училишта, сама Југославиај го плаќаше оснвоното образование. Ако сакате школи и оснвоно образование треба сами да финансирате како малцинство, а не Македнија. Замислете , Македнија колку голема широчина и со колку раширени раца ве има прифатено одвојува средства за основно, одвојува средства за средно, а барате и за високо.

(Реакции во салата).

Сакам да кажам, на се иритирајте вие, ќе кажете и вие.

Од Македонскиот народ подобар народ не постои. Кажете кој има видено еден проблем до сега од македонскиот народ.

(Реакции во салата)

Не, малцинства сте, јас си кажав. Никогаш на може да бидете народ. Малцинство сте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да упаѓате. Нека доврши.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Од тие причини овој амандман не смее да се прифати и верувам дека сите пратеници кои овде седат, ќе гласаат против. Само, не можам да го сватам молчењето на СДСМ. Мора да земат учество и тие во овој Рамковен договор, а не мудро да молчат тука.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Мухамед Тахири, реплика.

**МУХАМЕТ ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници

Мислам дека г-динот Вангел Симев ова што го искажа, се согласи со тезите на господата Насер Зибери и Биљал Љутвију, па мислам дека и тој ќе го прифати овој Рамковен договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Алиу Абдула.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван претседателе,

Сакам да кажам дека одговорот беше, само не беше јасен. Знам дека му е тешко и на предлагачот, таква е ситуацијата што не е јасна ситуацијата, затоа инсистираме.

Само би сакал , ако не влезе во Устав оваа одредба, високо образование на јазиците на заедниците, што зборуваме денеска, тогаш од денеска да се знае, да имаме предвид, кога ќе

се ратификува , бидејки до денеска не е ратификувана европска повелба за регионалните, малцинските јазици каде во членот 8 , под 1, точка е се предвидува дкеа државите можат и треба да организираат универзитетско образование и други форми на високо образование на регионалните или малцинските јазици. Се надевам дека така ќе работиме во иднина.

За граѓанит не за пратениците. Вие морате да не сватите нас, бидејки е многу чудно како не можеме ние, кои сме можеле пред 30 години да се школуваме на албански јазик, значи јас како татко сум можел да се школувам на албански јазик пред 30 години со кредити од Република Македонија, а денеска не можат нашите деца да се школуваат на свој мајчин јазик во високото образование. Тоа е нешто неприфатливо и мислам дека , што побрзо да ги сватиме овие работи, полесно ќе биде за сите нас. Ќе имаме помалку конфликти и недоразбирања во Република Макеоднија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Сакам само да појаснам дека не е точно дека овој член ја ограничува употребата и образованието на припадницита на заедниците кои не се во мнозинство на високо образзование на мајчин јазик. Овој член регулира само сладно, уставни гаранции за буџетско финансирање, за финансирање од страна на државата од тие институции што завршуваат до средно образование. Тоа го рагулира овој члан. Не го ограничува правото и опциите. Веројатно мрежата на прифатни факултети тоа едноставно ќе го докаже.

Второ, повторно да утврдам, Рамковниот договор утврдува можност, прави чекор плус и утврдува обврска за државата и Буџетот да финансира една таква приватна институција. И понатаму тој проблем станува албанско-албански проблем во овој случај или проблем меѓу партиите. Тоа на е образован државен проблем . Која од тие институции ќе биде прифатена , не можате да наметнате, на може да псотои таква уставна одредба, ниту уставна одредба во политичкиот рамковен договор.

Трето, немојте да се дистанцирате. Вашиот лидер експлицитно го прифати ова решениа. Експлицитно го потпиша. Политичка промана може да има, но не со сенка врз согласноста на вашиот политички лидер, на вашата партија на договорот и на оваа уставна одредба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници, и почитувани претставници на предлагачот на амандманите,

Јас незнам што расправа водиме денеска, знам дека водиме расправа по амандманот VIII. Меѓутоа, размислувам дали има потреба да зборуваме за мнозински права и за малцински права кога прад некој ден слушам преку медиумите дека станавме веќе народ во Република Македонија, со сите права што ги имаат македонците, треба да ги имаат и албанците.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ**: (Продолжение)

Ако не е точно тоа, тогаш веќе треба да дискутираме. А јас знам дека не е точно тоа и затоа треба да се дискутира овој амандман поради тоа што се потврдува нашата теза дека во Република Македонија сите граѓани, нејзини граѓани не се рамноправни во сите пори на животот. Тоа го покажува и амандманот осум што се однесува за правата на албанците во образованието, дали сме рамноправни, или не сме рамноправни. Слушам тука дискусијата на претставникот на предлагачот дека овој амандман не ги ограничува правата на заедниците, па на албанската заедница поточно, дека им се лимитира правото за високо образование. Меѓутоа, автоматски од друга страна се истакнува дека државата нема да даде средства албанците да студираат во универзитетите, во државни универзитети. Значи, албанците се приватен народ и можат да имаат само приватен универзитет.

Второ, никако не го прифаќам и го демантирам целосно тоа дека тетовскиот универзитет, или високото образование поточно било албански проблем. Тоа за нас е неприфатливо, заради тоа што не верувам дека има албанец во Република Македонија кој е против државен универзитет, а не верувам дека има албанец во Република Македонија кој е против тетовскиот универзитет. Тоа треба да ни биде јасно и тука немаме дилеми. Да не ни продава сега некој магла тука во Собрание дека било албански и албански проблем. Од друга страна дали ние како претставници на ПДП и нашиот лидер го прифати Рамковниот договор, точно е тоа дека ние го прифативме Рамковниот договор. Меѓутоа, преседанот не го направи ПДП со измените на текстот на Преамбулата и со амандманот што ја уредува рамноправноста на верските заедници во Република Македонија. Преседанот токму го направи претседателот на државата и сега им дава право на сите пратеници да поднесуваат амандмани за да постигнеме рамноправност, не за нешто друго. Затоа, сакам на оваа тема кога ќе се осврнува претставникот на Владата да биде малку посериозен, за да може да ја убеди и јавноста, а не само да кажува, да го брани сопствениот став окривувајќи ги другите

кои биле дел од тој политички процес, или потписници на Рамковниот договор.

Од друга страна никако нема да ги прифатам сите тие искажувања дека ние мнозинството во Република Македонија немаме веќе средства за да одобруваме за другите кои се во малцинство во Република Македонија. Господа пратеници, дали имаме одвоени буџети во Република Македонија? Сите приходи влегуваат во еден буџет. Сите ако имаме обврски кон оваа држава, треба да произлегуваат и права од таа држава. Кога државата може да гарантира дека може да се финансираат основното образование и средното образование, автоматски прави дистинкција и ги поделува другите заедници да не бидат рамноправни со мнозинството во Република Македонија и значи може само македонскиот народ да се школува во високото образование, другите можат да останат со основно и средно образование.

Ние донесовме закон за високо образование. Тука ќе ви кажам дека бевме против тој закон за високо образование. Ние албанците во Република Македонија нема да се откажеме никогаш да во Република Македонија имаме универзитет и тоа државен универзитет на сопствен мајчин јазик. Затоа мислам дека сите тука треба да придонесеме во тој правец, да смогнеме сили, да бидеме толерантни едни кон други за да најдеме решение и еднаш за секогаш да го затвориме тој простор, да не оставаме простор за идни конфликти, па било тоа и политички конфликти. Дека секогаш ние во ова Собрание без разлика дали сме ние, или други ќе доаѓаат, ова прашање ќе биде секогаш на дневен ред додека се реши ова многу битно прашања. Господа пратеници и целата македонска јавност, зошто одредени структури имаат толку голема аверзија кон образованието на албанците, или поточно аверзија кон албанците во високото образование. Зошто толку голема аверзија кон тетовскиот универзитет? Дали сакаме да бидеме еднакви и да речеме еднаш за секогаш тука пред ова Собрание дека: господа албанци, вие никогаш нема да бидете рамноправни со нас македонците во Република Македонија. Ако пред меѓународната јавност пред сите се декларираме и изјавуваме дека ние во Македонија се залагаме за единство, за соживот, за рамноправност, зошто тогаш тоа и на дело не го направиме? Јас ќе ви кажам само едно, го формирате Штуловиот универзитет кој ќе биде финансиран, кој воопшто или ПДП воопшто не беше против основањето на една таква високо образовна институција. Меѓутоа, немојте никогаш да мислите дека тоа е замена за тетовскиот универзитет. Ние навистина имаме голем проблем во Република Македонија додека не се реши статусот на тетовскиот универзитет. Таму има веќе над 12.000, 13.000 студенти кои дел од нив завршиле, нивните дипломи се невалидни, *не* ги прифаќаат институциите на државата, не ги признава Владата. Што намераваме ние со тие луѓе да направиме? Да ги оставиме на улица? Па, јас како пратеник албанец немам таков мандат. Ние сите пратеници албанци ветувавме дека ќе се залагаме за тоа. И денеска не можам јас автоматски да се извлечам од тоа. Јас ќе настојувам и понатаму додека го решавам тој проблем. А тој проблем веќе се заинтересирани да го решаваат и претставниците на меѓународната заедница. Господинот Зибери пред малку кажа дека имал средба со господинот Штул. Јас исто така имав средба по негово барање и верувајте дека и тие веќе се загрижени како ќе го решат тој проблем, дека тој е веќе голем проблем. Штуловиот универзитет годинава е отворен, прима незнам 500, 600 студенти во прва година. На тетовскиот универзитет оваа година се запишани над 3.000 студенти. Знаете зошто? Немајќи каде да се запишат, дека на Скопскиот универзитет не се прифаќаат, не можат да учат на сопствен мајчин јазик, на Битолскиот не можат и се запишуваат на тетовскиот универзитет, затоа што веќе ги подржува таа институција. Таа институција веќе има јака поддршка од албанците во Република Македонија и се лаже секој тој што мисли со време ние ќе го згаснеме сами, или ајде сега ќе го наметнеме тоа да биде албански проблем. Тоа не може никој да го наметне, бидејќи таа институција, тој тетовски универзитет ја има подршката од сите албанци во Република Македонија. Никој Не е против да Се отвораат и други колеџи како што е Колџот на Штул, Педагошкиот факултет во Скопје, може утре да има еддн приватен друг универзитет, Дека секое физичко и правно лице ако ги исполнува условите има право за основање на универзитет исполнувајќи ги сите тие обврски. И затоа мислам Дека тука треба да бидеМе малку потолерантни едни кон други. Затоа, јас Ќе Се осврнам малку и подалеку.

Во 1е94 година е основан тој тетовски универзитет. Потписници на тој акт за основање на тетовскиот унивдрзитдт Се сите политички партии албански кои делуваат во Република Македонија. Позади тоа стојат и трите општини Тетово, Гостивар, Дебар, па и Битолскиот универзитет 6еше основан врз база на тој закон за насочено образование. Затоа мислам дека е извршена една голема неправда. Меѓутоа мислевме Дека со Текот на вреМето *ќе* создадеме сите заеднички една таква клима за да дојде денот и 6ез никакви проблеми го прифатиме и тоа, го прифатиме сите како опиггество, Нема да ги делиме, затоа што е македонско, Ќе го прифатиме, а затоа што е албанско нема да го прифатиме. Додека ние навистина тврдоглаво стоиме на нашите ставови нема да најдеме заеднички јазик и додека не се реши тој проблем, навистина тоа *ќе* остане

голем проблем во Република Македонија кој ќе биде секогаш извор на конфликти.

Од друга страна, ние во бивша Југославија граѓаните албанци од Република Македонија имаа каде да студираат. Тоа беше центарот во Приштина каде имаше унивдрзитет и другите Центри на бивша Југославија. Меѓутоа, по затворањето на границите, со осамостојувањето на Република Македонија, ние немавме, немајќи каде да студираме, да продолжиме, дека станавме самостојна држава, а знаеме дека секоја самостојна држава треба да се грижи за сопствените граѓани и немајќи грижа државата, поточно Владата и Собранието за да им обезбеди високо образование на албанците, албанските интелектуалци формираа институција, или високообразовна институција, тоа е тетовскиот универзитет. И сега место тој универзитет да се прифати од сите институции на државата, ние удривме по таа институција со полиција и со разно разни други методи. Затоа ние секогаш кажувавме и денеска тоа ќе го повторам, сакате пак албанците да одат да учат по туѓи центри, да внесуваат после по завршувањето во Република Македонија една друга култура и тн., а не сакаме тука да ги интегрираме сите, за сите да бидеме подеднакви. Ова општество им припаѓа на сите. Да имаме обврска сите кон оваа држава, меѓутоа и правата што произлегуваат да ги искористиме сите како граѓани на оваа држава. Само така ќе имаме добар соживот во иднина во Република Македонија.

Јас би се осврнал, и на тоа дали амандманот осум го регулира високото образование, или не. Претходните дискутанти Биљали и Зибери кажаа за тоа, меѓутоа мене не ми е јасно зошто тогаш во точката 1 на амандманот осум во ставот 4 се определува на кој јазик и до кој степен можат заедниците да учат. Значи, до основно образование и до средно образование. Зошто тогаш не го прифатите и амандманот да се створи една така општа добра клима во ова Собрание, ако сме за рамноправност и за едни кон други, тогаш да речеме дека заедниците, или националностите имаат право во основно, средно и високо образование. Тогаш, јас ќе можам да се фалам, па и сите други дека навистина тука сме за соживот и за рамноправност. Меѓутоа, јас апелирам до сите пратеници во ова Собрание да немаме аверзија кон образованието на албански јазик. И уште еднаш ви кажувам, немој да мисли некој дека Штуловиот универзитет, или било кој друг приватен универзитет што ќе се основа понатаму во Република Македонија, ќе биде замена за тетовскиот универзитет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Фадил Бајрами.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Познато е дека Националната демократска партија се залага за рамноправност со албанците и македонците во оваа држава, па затоа ние мислиме дека и тука во високото образование веќе не сме рамноправни, иако основното и средното образование се решени со Устав, ние мислиме дека и високото образование на албански мајчин јазик треба да се реши со Устав, бидејќи сме сведоци дека иако со законот што е сега за високото образование дека албанците имаат право приватно да се школуваат во Штуловиот универзитет што ние веќе не сме против таков универзитет, туку мислиме дека тој унивързитет не е доволен за да можат сите студенти да се школуваат. И веќе и сега знаеме дека за тетовскиот универзитет има повеќе заинтересирани и пријавени. Не мислиме дека ваквата преформулација на овој амандман што ние го имаме како Национална демократска партија би претставувало најрамноправен и дефинитивен начин за решавање на една толку чувствителна проблематика како што е правото на високото образование на мајчин јазик. Ова право до сега на арбитрарен начин им било негирано на албанците и како такво претставувало постојан извор на заострување на меѓуетничките односи во земјата. На мислење сме дека со дефинирањето на ова право со новиот Устав би се избегнале целосно многубројните проблеми кои пак би можеле да произлезат доколку истата проблематика се остави да се регулира со посебен закон. Нецелосното решавање на оваа чувствителна проблематика би придонело за повторното заострување на меѓуетничките односи во земјата, а чии последици би можеле да бидат уште поголеми и потешки од досегашните. Затоа јас мислам дека овој состав, овие последици не би требало да дозволат овој толку чувствителен проблем да остане и понатаму уште отворен.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не толку по повод амандманот, туку само со намера да се обидам ако можам да укажам на некои користени клучни термини во оваа расправа во Собранието на Република Македонија од голем број стручњаци за високото образование, а тоа се двата термини: државен универзитет. Нагласокот е кај мене на терминот државен, не на универзитетот, туку на држава и на приватен универзитет. Ги слушам сите дискусии овде денес и не само денес и не само по оваа расправа, туку и цело време кога го носевме и законот за високо образование и ндкаде во 1991 година кога се расправавме по повод носењето на новиот Устав во врска со Уставот од 1991 година по повод одредбите што го дефинираа прашањето на високото образование, а исто така и по повод

настаните на формирањето на таканаречениот универзитет во Тетово и вкупната политичка реторика околу сето тоа прашање. Клучно е следното, Дека во оваа 2001 година во која се наоѓаме сега, на прагот на нејзиниот крај и за 2002 може од подтекстот на разговорите околу овој проблем да се разбере, да се сфати дека малкумина го разбираат терминот државен и приватен универзитет во проекција на иднината на високото образование, или барем онака како што од нас од Република Македонија Се бара да се имплементира целокупното законодавство, да се прилагоди по повод спогодбата на асоцијација и стабилизација со ЕУ и нашите вкупни претензии за рамноправна членка во таа заедница и во делот на образованието.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**: ( продолжение)

И во делот на образованието, по мое мислење најголемиот проблем што ќе и престои на РМ во нормални услови, по претпоставка да се нормални условите, и претстои во делот на трансформацијата воопшто на образованието, посебно на високото образование во РМ . Не слушнав ниеден од стручњаците за високото образование што расправаат во овој Парламент да кажат споредбени примери во степенот на развиток на високо образование, за начинот на организацијата на високото образование во високо развиените демократски земји. И што подразбира поимот приватно, пред се, од контекстот на искажувањето овде се разбира дека секој треба да го финансира сопственото образование, да прима високо образовни услуги од сопствен џеп и што подразбира контекстот државно образование во рамките на развиените Парламентарни демократии, оние што отишле чекори напред во однос на образованието. Дека не се работи за "спиење" на државната каса, како што за жал ние донесовме Закон за високо образование, но тврдам дека ни чекор не сме мрднале во реформите на високообразовниот процес во РМ. И уште еднаш да кажам дека тоа ќе биде најтешко прашање за РМ , затоа што добар дел од тие структури кои се интелектуално високообразовани се имплементирани во различни сфери на одлучување и во власта на РМ. Да ве потсетам само на еден банален пример. Дали се сеќавата кога го донесувавме законот за високо образование во овој Парламент, кога на амандман на една наша колешка, се создаде веднаш во Парламентот една нова партија од различните политички партии, која моментално коалицираше и го поддржа амандманот на одреден факултет за високо образование во РМ да може да се стекнуваат степени на научно образование да се станува професор, доцент, асистент и тн. без степените магистратура, докторат и тн. Сакам да кажам, мислам дека расправата по ова прашање за високо образование по повод амандманот на Уставот и другите поврзано со расправите, а со тоа надоврзано за образованието на мајчин јазик во РМ е апсолвирано, морам да кажам од 1991 год, наваму, кога ние се определивме за парламентарна демократија, кога се определивме за Евроатланската опција и кога цврсто нема размислување подалеку во друга смисла да има политички страни да размислуваат за друга опција. Ако сакаме да размислуваме во контекстот на високото образование на поранешниот комунистички систем за државните јасли и вложувањата на државата без да бара отчет за сопствените вложувања во имплементација на резултатите, во напредок на бруто општествениот производ на соодветната држава, мислам дека тој концепт одамна е напуштен од сите субјекти.

Одтаму, да заклучам и да не должам, мислам дека оваа расправа е безпредметна и по повод високото образование на мајчин јазик, особено инсистирашето за државен универзитет во смисла во која го подразбираат онака како што јас можам да почувствувам г-дата овде кои инситираат на тој израз.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г . претседателе, почитувани колеги,

Прво, едно мое укажување дека кога расправаме за една сериозна работа и сериозен проблем, никога не треба сето тоа да го прифатиме односно не прифатиме на начин и во стил - ајде овие нека зборуваат колку сакаат, ние ќе си ја тераме работата - особено кога се работи за чувствителни прашања во тоа што значи меѓуетнички односи.

Ние сме сите тука сведоци, некои со години, дека образованието, посебно високот образование, беше и е проблем за кој сме расправале со години. И сега коа доаѓаме до едно финале и констатираме дека имаме рамковен договор со кој затвораме многу прашања и од меѓуетничките односи, ние пак отвораме расправа во која расправа проблемот не го солвираме, не го решаваме. Земете го фактот дека претседателот на државата неколку пати изјави дека треба да го почитува тоа што е дебата, значи јавна дебата околу амандманите односно измените во Уставот. Ако е така, тоа значи дека претседателот интервенираше со предлог амандмани за да се подобри односно за да се слушне гласот на сите други институции,, невладини, владини за да може пак да предложи амандмани за подобрување на Охридската спогодба или Рамковниот договор. Во таа дебата веројатно имал и писма и укажувања и од други невладини организации и институции од албанците и др. Веројатно примил и имал писмо од Унијата на интелектуалците албанци. Не веројатно, туку сигурен сум дека и таму едно од прашањата кое е поставено било и високото образоване односно тетовскиот универзитет. Ако е така, зошто тогаш при вакви интервенции не се слушна и гласот од таа дебата и на тие кои

бараат, еве, едно подобрување во однос да речам проблем кој не се решава со години.

Ние расправаме за амандманот VIII, односно интервенција во членот 48 од постојниот Устав, Културниот идентитет, јас сум убеден некако, незнам дали може некој да ја побие тезата дека високото образование не значи да се сочува културниот идентитет. Со високо образование е целта да се постигне рамноправност на граѓаните и етнитетите во РМ. Ако е така, тогаш правото за високо образование во овој случај може да биде и квалитетно и квантитетно. Но едно е сигурно дека за сите треба да важи, некои можат да го остваруваат правото, некои неможат, но не со забрана, со уставно лимитирање, затоа што се зависи од тоа една заедница дали има интелектуален потенцијал, дали има можности да организира универзитетско образование односно високо образование. Ако во овој случај доаѓаме до една сигурна констатација дека албанците можат да организираат, да изведуваат и да имаат високо образование на мајчин јазик, мислам дека не треба уставно односно со уставна одредба и тоа да се лимитира т.е. да се забрани.

Треба да имаме и еден друг приод кон решавање на проблемот. Ако веќе со години сме сведоци, мораме во себе да акумулираме позитивна енергија дека проблемот што постои треба да се решава. Дури, не треба да трошиме премногу енергија на тоа, треба да се оди до крај да не се решава проблемот, затоа што проблемот навидум во почеток изгледа дека е мал, меѓутоа како таков веќе со месеци и години прераснува во проблем за кој треба сиот потенцијал да биде вклучен за да се реши на најдобар начин.

Тука имаше мислења, тука имаше убедување со саати дека Штуловиот универзитет, колеџ југоевропски и тн. како сакаме да го наречеме, ќе го решава проблемот за настава на албанците на мајчин јазик. Меѓутоа, после малку време...

Што се нервирате г-дине Стојановски? Полека, полека.

Ги почитувам твоите години, но твојата култура односно товето

однесување неможам да го почитувам. Полека.

(коментар на Г. Стојановски од место).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Рамадани ќе продолжи .

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Имаш проблеми со мене, затоа што јас не се нервирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Доста со разговорите, одиме на работа.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

После четири - пет месеци имаме ситуација на Штуловиот колеџ да се запишуваат 800 студенти, а на тетовскиот универзитет околу 3000. Сакам да бидам прагматичен во однос на проблемот како таков. Практиката ни кажува дека не сме го решавале проблемот, проблемот постои. Сега после една ваква историска спогодба, ако продолжиме да го имаме проблемот како таков, тоа значи дека не сме ја решиле работата, дури со една спогодба каде сме сведоци дека се вмешани активно, интензивно и меѓународната заедница, сиот наш потенцијал наречен интелектуален, советници на претседателот, советници на партиски претседатели и сето тоа и пак проблемот останува.. И до што доаѓаме до која констатација доаѓаме? Дека во Тетово имаме два универзитети, но помножено со нула резултатот пак е нула. Тоа значи дека имаме два, немаме два. Доаѓаме значи до проблем каде што мораме вака да ги констатираме работите. Сега ако е така, тогаш мислам дека мора, не мора туку треба да постои таа волја, таа наша комуникација и интелектуална и како пратеници и како луѓе дека проблемот треба да се реши, затоа што решавањето на проблемот каков што е овој јас сум убеден и верувам дека не произведува, не продуција никаков ризик за државата. Напротив, тоа е добро за државата, добро и те како добро и за односите понатаму во градењето во општеството односно државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитувани колеги пратеници, искрено не мислев да се јавам за збор по овој амандман, бидејќи нешто кажавме и во воведната расправа по него, некои дискусии ме натераа сепак да проговорам повторно по амандманот VIII.

Прашање на почетокот за мене, кое можеби повеќе е до функционерите и околу целиот овој Рамковен договор, можеби и до претседателот на Собранието кој контактира со меѓународните фактори, до претседателот на државата, до потпишувачите сите кои се во контакт со сите олеснувачи и луѓе кои го креираат овој Охридски договор, е дали тие воопшто кога зборуваат за иднината на Македонија размислуваат за една појава која ни се случува постојано деновиве, а ме поттикна една дискусија на еден од колегите пратеници , односно појавата на нерегистрирани политички субјекти во Македонија кои содржат во своите одредби антиуставни категории На пример како што е Националната демократска партија овде изнесена, која сеуште не е судски регистрирана. Како мисли во иднина РМ да се справува со нивните собири и групирања кои се очигледно незаконски и дали и тука нешто се размислува во тој Рамковен договор во иднина да се реши тој проблем, бидејќи сметам дека со усвојувањето на овие уставни амандмани вакви проблеми РМ нетреба да има. Тоа во однос на амандманот VIII.

Сега неколку прашања што произлегуваат од овој амандман. Она што го кажав и вчера, ние тргнавме во една општа расправа за сите амандмани без да ги усвојуваме текстовите на

амандманите, посебно амандманот IV за преамбулата и јас има прашање до претставниците на претседателот. Имено, која е нивната идеја . Сепак повеќе пратеници и јас вчера во своето излагање сметав дека изразот "заедници" очигледно не кореспондира со она што е предложено во преамбулата односно со амандманот IV. Дали тие размислуваат до крајот на расправата, посебно претседателот, да интервенираат во овие амандмани или размислуваат да ги остават во количија и да не кореспондираат овие изрази за заедници, со кои очигледно не се согласува никој овде во Парламентот, да останат вака во овие амандмани, што мислам дека ќе донесе многу проблеми на сите овие промени и на текстот на амандманите.

Тука исто така за мене отворено останува прашањето од овој Амандман VIII, кој можеби најмалку го допревме, а тоа е употребата на симболите на својата заедница. Пак ќе речам заедница, бидејќи тоа е текст на Законот, нешто што сметам дека треба да се измени и треба да рпетрпи регулирање и усогласување со останатиот дел на текстот, посебно со преамбулата. Како размислување, околу овие симболи на својата заедница,да употребуваат сите заедници, кога знаеме дека токму употребата на симболите во минатото произлегуваше и за проблеми во РМ , а јас сметам но не сум сигурен во тој податок дека еден од техничките подготвувачи на овие амандмани беше министер, во негово време кога имаше интервенција во еден дел на Македонија токму околу употребата на симболите. Идејата веројатно е таа област конечно да се регулира, меѓутоа, дали тие размислуваат понатаму тоа да следи со закон. Ако стои така, немаме уставен закон кој го предложи Г. пратеник Климовски и како тоа да биде надвор од симболите кои се официјални на РМ односно официјалниот грб и знамето на РМ . Тука останува отворено прашањето во овој амандман, според мене, и дилемата кога подготвувачите на амандманот го нашле ова решение само да употребат во амандманот VIII "употреба на симболите на својата заедница". Веројатно имаат некое размислување во врска со тоа и тука би сакал да слушнам.

Мене ме зачудува денес колкава резерва и колкави извори на конфликти и за колкави извори на конфликти зборуваат едни од потписниците на Договорот, еден од четирите потписници на Договорот. Јас сум во конфузија дали овој Договор е навистина Договор или е некое недоразбирање.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**: (продолжение)

Дали пратениците на ПДП прават маркетинг, како што правеше во претходниот дел на седницата една друга партија, па гласаше за, или навистина тие не знаеле што потпишуваат. Дали тие се договориле со нивниот лидер кога го потпишувале овој Договор. Па, тие се толку лути на овој договор на одредбите од овој договор, гледаат толку извори на конфликти и проблеми во овој договор, како да не знаеле што потпишуваат. Ова е изненадување за мене и јас не можам да си го објаснам ова. Се рече дека не е решено со овој амандман, не се створаат предуслови за да се реши образованието, дури се употребува еден тежок збор, како што знаат тие маркетиншки секогаш да го употребуваат дискриминација. Незнам, но еве јас ќе ви кажам еден друг вид дискриминација ако така гледаат тие.

Тие бараат да се отвори трет универзитет на западниот дел на реката Вардар. На источниот дел на реката Вардар нема ниеден универзитет. Па, дискриминација е во однос на просторот. На трошоците кој ги прават. Тоа е дискримкнација на луѓето од Берово, од Струмица, од Гевгелија кои што се оддалечени и мора да прават трошоци сите тие студенти за да дојдат до тие универзитети што се сместени во Западниот дел на Републиката. Еве ви еден вид дискриминација. Така да, не треба да зборуваме, да тргнуваме од теснопартиски интереси затоа што Македонија не е толку богата држава на ваков начин да размислува за образованието. Таа е мала држава, тоа е вистината, има доволно развиени образовни институции и се ова го сметам за ефтин политички маркетинг на партиите, на партијата, која го потпишала дговорот а сега сака да прави некоја отстапка во сето тоа.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Токму ова последното г-дине Стојменов што го спомена мора да кажам дека мене малку ме збунува. Колегите од ПДП беа многу гласни, зборуваа за пишман аџии, итн., и сега очигледно им се враќа бумерангот, па сега кај нив се случува истото.

Ние добиваме уверување од учесниците на овој процес и од другите потписници дека нивниот лидер се согласил, пратнеиците од таа партија негираат итн.

Прво, мислам дека тоа не може да биде тема на расправа во Парламентот, да цениме меѓупартиска работа,

Второ, при споменувањето на образованието повторно гледаме една дисонантност. Очигледно тука станува збор кој што ветил на своите избирачи. Очигледно дека ПДП ветило на своите избирачи и тетовски универзитет, и покрај тоа што тогаш беше едно привремено решение и се оспорува тоа решение и се спомнуваат бројки 10, 12, илјаи студенти. ДПА се залага за Штуловиот универзитет и сега дали е тоа исто така проблем на албанските политички партии, а сето тоа да се репертуира врз решенијата, врз Уставот, врз правата итн. Сметам, дека со еден таков судир меѓу нив по прашањето на образованието на албанците навистина не треба нас да не тангира овде дали решението во Уставот да биде вакво или такво, бидејќи еве имаме и нов политички субјект од албанска страна, може би и некој четврти итн., кој може би исто така ќе вети на своите гласачи

некаков универзитет итн, и тогаш до бескрај ние ќе се бавиме со проблемот на образованието, што навис-тина не држи место. Или, албанските партии нека се договорат за начинот на образованието и тогаш да разговараме по однос на овој Рамковен договор и образованието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор.

(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес по амандманот...

Се извинувам за реплика се јави г-динот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Мислам дека последниот дискутант го релативизира значењето на ова прашање до максимум. Имено, сметаме дека тоа не е прашање ни на рејтинг, ни на маркетинг, ни на изборен процес, ни на изборно ветување, незнам ни што друго, туку еден проблем, витален проблем на оваа држава кој заслужува да се реши.

Имено, веќе споменав во претходната дискусија ако оваа држава нема доблест да се справи со судбината на 15-те илјади студенти, а се справи со барањето на десетмина свештеници и оџи, тогаш, не е во ред со нашите приоритети воопшто. Оттука, прашањето не може да се банализира, да се сведе на ниво дали ПДП ветил нешто на студентите или на граѓаните, или ДПА ветил. Ако се оди на тоа најмногу ветија ДПА, веројатно и ПДП, но прашањето не е тоа. Не е прашањето дали ДПА е за Штуловиот универзитет или за овој универзитет. Ако се има готовност да се прифати нешто што е сосема природно, тоа е рамноправност и во овој процес, и во високообразовното ниво, тогаш дајте ни 15 минути затоа што јас мислам дека можеме да се договориме. Да остане едниот или вториот, тоа не е дискутабилно прашаше.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Немав намера да дискутирам но по одредени дискусии од стра на некои колеги пратеници мене ме предизвика чувство дека сепак треба да се кажат неколку зборови.

Прво, во Амандманот VIII кој што зборува за припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на совите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница гледаме само право од страна на државата, а не гледаме каде се обврските на припадниците на националното малцинство во поглед на употребата и користењето на правата што се наведени овде.

Второ, во однос на Преамбулата каде што една терминологија се короисти, а овде гледаме друга терминологија која што овој амандман овде како дел на Уставот, нормативниот дел не е усогласен согласно Преамбулата во поглед на терминологијата која што утре ствара забуни, нејаснотии и претставува проблем или генератор на одредени конфузии, барања, расправии се во поглед на правата. Десет години само за правата расправаме а воопшто не продискутиравме за економските потреби и економскиот просперитет на РМ, и граѓаните на РМ.

Сведоци сме на разни собири од страна на македонските албанци каде што ги истакнуваат знамињата на НАТО, знамето на Европската Заедница, знамето на туѓа држава Албанија и тоа на територија на Република Македонија, а го нема никаде знамето на државата. Значи, симболите на оваа држава во која што бараат одредени права а никако не исполнуваат одредени обврски. Со самото тоа што не ги истакнуваат симболите на РМ, тие ја негираат оваа држава и со тоа покажуваат нелојалност кон неа, неисполнување на одредени обврски и само барање за одредени права. Зборуваат за дискриминација а сите сме овде сведоци дека со ниеден закон ниту со Уставот не е дискриминиран никој во оваа држава, како граѓанин на РМ, ниту пак македонските албанци.

Имаме барање за високообразование на албански јазик.

За мене тоа претставува негирање на македонската држава и негирање на македонската нација бидејќи се заборава дека РМ, односно во државата Република Македонија, службен или државен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Согласно тоа со ниеден закон никој не е дискриминиран, туку напротив имаме позитивна дискриминација каде што македонските студенти со 92 бода не можат да се запишат на факултетите, додека националните малцинства со далеку помалку бодови ги уживаат тие права. Ваква позитивна дискриминација незнам во ниедна друга држава во светот. Мислам, дека треба да се прекине со таа пракса на позитивна дискриминација.

Едно прашање сакам да упатам до експертите на претседателот кои се овде во парламентот. Дали вие сте г-да текстописци на овој рамковен договор и овие амандмани и доколку не сте, а сигурно не сте, тогаш како можете да браните нечије туѓо мислење на штета на сопствената држава. Се наметнува прашањето дали вие сте експерти за уставна проблематика или сте експерти за хипноза, или демагози експерти за демагогија. Јас според ова што го гледам и слушам, што го правите можам да заклучам дека вие сте, така да речам гадни манипулатори кој за грст пари си ја уништувате државата. Незнам, дали сте свесни за таквата улога или треба движејќи се по улиците да ви се случи народ за да сватите дека не живеете во имагинарен свет, туку живеете во еден свет на реалности, во свет на ...

Благодарам.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Скоро пет-шест саати имавме прилика да слушаме различите дискусии по повод амандманот за кој расправаме сега и за дилемите кои се мпојавуваат во однос на решавање на постојни и актуелни резидицијални проблеми во државата. Се разбира во рамките на овој амандман преговарачите во договогот настојувале да ги аплицираат и да ги внесуваат општите цивилизациски гаранции во тој однос да се заштитат културните вредности на колективитетите односно на заедниците.

Еден од дискутантите спомена дека навистина се пореметува целиот систем на амандмани со различни терминологии кои понекогаш доведуваат и до забуна и до апроксимација на процеси за дефинирање на критериуми и стандарди во тоа.

Во Преамбулата нешто се кажува додека во амандманите сосема второ и трето. Со тоа нема една динамична поворка со која се сака да се решат актуелните проблеми во државата и кои сметам дека промените што ги правиме сега треба да се прават рационално со цел да се решат актуелните проблеми и проблемите кои во иднина може би ќе бидат проблеми односно латентни проблеми.

Поради тоа што тука се идентификува заштитата на културните вредности сметам дека амандманот кој е приложен од страна на албанските политички партии треба да се свати како добронамерен затоа што тетовскиот универзитет стои како проблем. Тој не е создаден денс, создаден е од поодамна еве на пример пред шест години, може би и повеке уште од 1994 година. Тенденциите се и понатаму дека во таа научна институција и понатаму се јавува голем интерес за пријавување на студенти. Во таа смисла сметам дека навистина треба трезвено да размислуваме како ќе го надминуваме овој проблем.

Јас морам да ви кажам дека тетовскиот унвиерзитет според мое согледување, не значи дека имам право претставува еден вид колец, дури и стандардите што ги имаме како држава, како систем и на односи во образованието апсолутно не кореспондира со тоа. Врз таа основа сметам дека тоа што е предложено од колегите пратеници во тие средби односно во таа демо маса од 20% треба да се прифати амандманот, да имаат можност тие луѓе да се школуваат и на мајчин јазик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиоот претрес по амандманот.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот IX на Уставот на РМ.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот IX на Уставот на РМ.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот X на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес по амандманот X.

Г-динот Црвенковски бара збор процедурално.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Имајќи предвид дека се работи за исклучително важна проблематика, разговараме за уставни промени сега додека течеше расправата и така и така, и покрај тоа што и тоа не е во согласност со Уставот. Меѓутоа, од кога веќе донесуваме конкретни заклучоци, се заклучува општиот претрес по амандманите барем во тој момент да обезбедиме кворум во Собранеито на РМ. Од тие причини се повикувам на деловничкото право да обезбедиме барем минимум дигнитет за исклучително важни работи кога разговараме за амандмани на Уставот на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам општ претрес на текстот на амандманот XI.

Молам, службите да утврдат точниот број на присутни пратници во слаата.

(Пратнниците влегуваат во салата)

Молам, дали некој бара збор?

(Никој)

Го заклучувам општио тпретрес по амандманот XI.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот XII на Уставот на РМ.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дванаесетиот амандман се однесува на Комитетот за односи меѓу заедниците. Тука се врши една голема дискриминација меѓу заедниците односно претставницит ена заедниците и пратениците во Собранието кое што мислам дека е во спротивност со основниот уставен принцип на рамноправност. Ако овој комитет се формира за да ги реши одностите меѓу заедниците или претстанвниците на заедниците или да ги заштити правата на граѓаните што припаѓаат на малцинските заедници во тој случај јас мислам дека потребно е да се примени целосниот принцип на рамноправност и потребно е од сите националности вклучувајќи го и македонскиот народ тука, да има подеднаков број на пратненици или на членови на тој комитет за односи меѓу заедниците Само на тој начин ќе се покаже дека навистина не постои опасност од наметнување на мнозинскиот став на најбројниот

народ, да го употребам терминот како што е во амандманот IV, а тоа е македонскиот народ во поглед на дискриминација на правата на нациоанлностите.

**САВО КЛИМОВСКИ**: (Продолжение)

Односот 7 + 7 + 5 во составот на Комитетот за односи меѓу заедниците треба да се преиспита. И ако се работи за заштита на малцинствата од тиранијата на мнозинството или од мајоризацијата на мнозинството, во тој случај потребно е да има подеднаков број на сите делови наброени во амандманот IV односно во преамбулата на Уставот на Република Македонија, во овој комитет за односи меѓу заедниците, затоа што само тогаш можеме да говорите дека се реализира основниот принцип на рамноправност и еднаквост на граѓаните на Република Македонија. Тоа на пример навидум делува на штета на најбројното население, но смислата на овој комитет за односи меѓу заедниците е да ги заштити интересите, уставна заштита на интересите на малцинските заедници. Тоа е едно.

Второ, да се преиспита местото и положбата на комитетот за односите меѓу заедниците во однос на Собранието на Република Македонија. Статусот на овој комитет за односи меѓу заедниците да се утврди јасно и прецизно, да се утврдат неговите надлежности попрецизно за да нема забуна и да нема лапидарни одредби што утре можеби ќе создадат многу недоречености и практично може да ја блокираат таа одредба од Уставот. Затоа има уште време да се утврдат надлежностите на комитетот од една страна а од друга страна да се утврди и взаемниот однос Меѓу Собранието на Република Македонија и комитетот за односи меѓу заедниците. И конечно кој може да партиципира во тој комитет за односи меѓу заедниците каде што, мислам дека членството во овој комитет, членството на пратеници еднаш веќе избрани по еден основ, од граѓаните на Република Македонија, како членови на Собранието на Република Македонија, би било неупатно да бидат истовремено и во тој комитет за односи меѓу заедниците. Некој ќе рече па ние сме имале аналогна ситуација со Советот за меѓунационални односи кој си останува да постои, кој мислам не се брише од Уставот на Република Македонија, но статусот на овој комитет во односите со заедниците е со сосема подруга содржина и подруг карактер од Советот за меѓунационални односи. Оттаму, можеби тие 2-3 прашања би требало да се допрецизираат, не велам дека не се потреби, но би требало да се допрецизираат за да се утврди од една страна составот, бројот, изборот, надлежностите и односите на овој комитет за односи меѓу заедниците и Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас не би одоговлекувал, само би го поддржал господинот Саво Климовски во неговото излагање. Мислам тоа би требало да се прифати затоа што е во интерес на сите граѓани на Република Македонија бидејќи ако сакаме мир, само на тој начин би дошол мир во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Горѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во амандманот XII предложените решенија ја дефинираат Македонија врз основа на концептот заедници. Заедници во меѓународното право е недоволно дефиниран и не претставува уставна категорија, како тармин кој не е прецизиран конкретно за што станува збор.

Во предлогот терминот заедници има често етничко значење. Со тоа етничноста се извлекува од сверата на политиката, институциите, правото, преку следниве елементи: заедниците како колективитети кои продуцираат формална политичка моќ; реалното етничко вето кое се воведува со предложените промени; воведување на комитетот за односи на заедниците, како зачеток на втор федерален дом во Парламентот; нова територијална поделба и проширување на надлежностите на локалната самоуправа па регионализација како зачеток на идна федерална единка, со можност до сецесија.

Фактот дека ако се усвојат предложените измени, новиот закон за локална самоуправа ќе се донесува со право на етничко вето. Република Македонија со вака предложеното ќе се конституира како мултиетничка држава и држава во процес, дефакто федерализација на посебен индиректен начин. Некои решенија се модифицирани верзии на постојни, но ретки примери. Потоа се дододени некои сосема уникатни одредби, така како што е концептот на државата, што се промовира со предложениот документ, е реално, без преседан, во компаративното право. Па се поставува прашањето за функционалноста на државата која треба да се преуреди со овој начин, во практична смисла.

Многу странски медиуми но и јавни личности во странство се јавуваат со коментари на чудење во поглед на предложените решенија, иако документот не е во целина јавно презентиран и анализиран пред македонската јавност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес по амандманот XII.

Минуваме на утврдување на Предлогот на амандманот XIII на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес по амандманот XIII.

Минуваме на утврдување на Предлогот на амандманот XIV, на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес по амандманот XIV.

Минуваме на утврдување на Предлогот на амандманот XV, на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес по амандманот XV.

Минуваме на утврдување на Предлогот на амандманот XVI, на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес по амандманот XVI.

Минуваме на утврдување на Предлогот на амандманот XVII, на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес по амандманот XVII.

Минуваме на утврдување на Предлогот на амандманот XVIII, на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Корегираниот текст на Предлогот на амандманот XVIII, што го достави претседателот на Република Македонија, ви е поделен.

Молам кој бара збор?

Има збор Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници,

Денес на дневен ред имаме предлози за измена на Уставот на Република Македонија кои се составен дел на чудовиштето Рамковен договор кој има една единствена задача, да не стави во заблуда, сами да си извршиме самоубиство, како народ, нација. Самоубиство што во историјата на човештвото на оваа земјина топка не го познава ниедна нација, ниеден народ. Денес во услови на воено сценарио конструирано однадвор, од нашите смртни непријатели на Балканот кои преку своите лоби групи во Америка и Европа, поврзани со качачко албанското лоби во Америка и Европа, со парите од криминалното црно подземје, дебело ги платија така наречените претставници на северно атланските структури кои божем се залагаат за човекови права, потпомогнати од качачките банди во Република Македонија логистички поддржани од албанските структури во Владата и Парламентот и со оружје враце со втурнаа во улога на егзекутори на македонскиот народ, македонската нација и држава. Но, со индигнација до нашите непријатели на балканот, ја упатувам следната порака - оставете ја Македонија и македонската нација на мира и помирете се со фактот дека ние македонците сме постоеле со милениуми, години пред Христа, Синот Божји, постоиме и ќе постоиме не по наша и ваша желба, туку по божја желба. На овој Балкан има место за сите.

Доколку ние немаме мир од вас, запамтете, ни вие ќе немате мир од нас. Не, не дека ние така сакаме, туку дека вие нас ќе не приморате на тоа.

Немирот наш денешен утре ќе биде немир ваш. Непријатели запамтете, македонецот така лесно нема да го скршите затоа што македонецот има милениумска историја. Постоела македонска инперија дури до Египет и Индија и други делови во светот. Запамтете, пак ќе постои македонска империја, но се разбира не со денешен фил на политичари. Вистинските тек наидуваат, а ние сме само мирни гласно говорници.

Во времето на македонската империја, душмани клети, вие уште тогаш ги уживавте сите човекови права затоа што Македонија е лулка на демократијата. Но, во идната македонска империја, запамтете, ќе ја почувствувате сета македонска денешна болка, што ни ја нанесовте. Сета оваа мака денес немаше да ја имаме, ако во нашите редови немаше луди и клети предавници. Но, и за нив

ќе дојде судбоносниот ден кога ќе платат на предавството, за измамата и не делата што му ги сторија на мирољубив македонски народ. Од такви, да речам, неранимајковци и изроди македонски се случи невиденото предавство наречено Рамковен договор во Охрид. Чудно чудовиште, невидено, но господа парафирачи во Охрид, а потписници во Скопје, со овој Рамковен договор вие не и пресудивте на Македонија, туку си пресудивте самите на себе. Денес извршивте политичко самоубиство, а утре кога ќе почнат да дејствуваат последиците од чудовиштето Рамковен договор, ве уверувам дека ќе си извршите и физички самоубиство. Ни парите што ги опљачкавте од овој македонски народ, нема да можат да ве спасат затоа што нема да има катче на оваа земјина топка каде што неможе да ве достигне македонската правда, македонската рака. Затоа господа македонски пратеници бидете патриоти а не партиски послушници и егзекутори на сопствениот македонски народ. Господ ви дал ум и разум, не наседнувајте и не робувајте на вашите лидери, јуди македонски кои сакаат вашето внимание да го свртат врз амандманите, без паралелна и компаративна анализа на Рамковниоот договор и на последиците од неговото имплементирање и усвојување.

Оваа анализа да биде компактна и да можеме правилно да ги согледаме понудените амандмани и сватиме всушност што нудат тие, ние мораме да извршиме детална анализа на Рамковниот договор бидејќи овие амандмани во облик и содржина, како што се дадени, се производ од тој Рамковен договор. Како такви тие си имаа своја цел која не кореспондира со унитарноста на државата и не интдгрира под едното единствено име, македонска нација.

За да видиме која е целта на овој Рамковен договор ние мораме да си ги поставиме следните прашања:

Под какви услови и околности овој Рамковен договор е донесен, денес усвојува.

Кои се мотивите и Целите на овој Рамковен договор и со такви мотиви и цели каде не води овој Рамковен договор, под какви услови и околности и за какви измени расправавте за Уставот на Македонија и дали утре, по усвојувањето на овие измени Република Македонија ќе биде тоа што е денес и дали денес што ќе го усвоите ќе можете утре да го вратите назад.

Можни решенија за излез од стегите т.е. рамките на овој Рамковен договор.

Почитувани дами и господа пратеници,

Денес уште еднаш, од оваа говорница пред вас и севкупната македонска јавност ќе повторам, луѓето не треба да ги цениме по тоа како се декларираат. т.е. што зборуваа, туку што прават односно што чинат. Имено, пред некој ден кога се водеше расправа по предлог иницијативата за промена на Уставот, од оваа говорница, пред целата македонска јавност, господа, поедини пратдници кои гласно зборувавте против предлог иницијативата за промена на Уставот, а на самиот чин на гласањето се случи чудо. Ја запрепаститвте македонскат јавност, гласавте за она кое колку жестоко го напаѓавте. Искрено да ви кажам јас бев непријатно изненаден и се прашував дали се наоѓам во највисокиот законодаве дом во Република Македонија, пред мене дали ги слушав колегите пратеници, или се наоѓам во театар и гледам патриотска драма. Се прашувам дали вие сте народни пратеници, или нечии платеници и добри глумци. Одговор на овие прашања набрзо ќе добиете, доколку овој пат се осудите да гласате за измена на Уставот, кога не се исполнети ни самите услови кои си ги поставија потписниците, бидејќи и денес се уште се пука, се уште раселените лица не се вратени во своите домови, кога се уште не се повратени териториите од терористите. Зарем треба да гласате за сопственото самоубиство. Овој рецет комбиниран од воено политички притисок врз Република Македонија еднаш испробан и со вашето гласање успешно спроведен, верувајте дека успешните рецепти се повторуваа и друг пат и не знам каде ќе ни биде крајот. Вакви квази патриоти во овој момент не и се потребни на Република Македонија

Господа квази патриоти, ако ви недостига храброст и цврста одлучност за да затанете зад македонските национални интереси и ако сте мислеле дека политиката е нешто што на леб се мачка, тогаш погледнете и на вистината вочи дадете си оставка иизвинете и се на македонската нација и на македонскиот народ. Сватете дека не сте за политика, бидејќи политиката е за возрасни и сериозни луѓе, кои расчистиле самите со себе, за луѓе кои имаат државничка одговорност и надпросечна мудрост и храброст. Зарем не слушавте дека се поостра е критиката од страна на серизни, како меѓународни, така и домашни аналитичари, во однос на улогата на НАТО, во напнатата македонска криза, дека таа улога ги надминува овластувањата што со мандатот на Советот за безбедност, на ООН, содржана во Резолуцијата 1244. Како последица на тоа се соочуваме со парадоксот НАТО да се јавува во улога на законодавец и уставотворец во една суверена и независна држава Македонија. Која со својот јазик писмо и култура се темелот на европската и пошироката денешна современа цивилизација. Спротивно на меѓународните принципи и спротивно на слободната волја на македонскиот народ и нација се наметнуваат коренити, систематски и крајно штетни промени во Македонскиот устав, што за нас од ВМРО Вистинска се неприфатливи и окарактеризирани како директно мешање во внатрешните работи на

една суверена и мироѕубива држава, како што е Македонија. Сакаме да укажеме дека во тој контекст се навлегува во сверата на легализирање на употреба на сила против една демократска држава, заради остварување на некакви малцински права, а до вчера бевме пример за остварување на малцинските права. Невиден парадокс за светските нации.

Од досегашниот однос кон Меѓународната заедница албанскиот териризам може да се заклучи дека наместо казна за терористите, тие добиваат наградаа односно Меѓународната заедница место да и помогне на Република Македонија да се санкционираат териристичките барања, да се спречи тероризмот и да не се дозволи со терористички методи и политички цели.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Бидејќи, е лош пример како овде за нас на Балканот, така и за вас, господа, од Европската заедница и НАТО. Бидејќи денес во ерата на Интернет, каде информациите се пренесуваат со брзина на мислата, можно е како бумеранг да ви се вратат и истата состојба од Република Македонија и во вашите држави. Како што реков, наместо санкција за терористите, тие се легитимираа. Ова го потврди искуството на униформираната терористикча организација таканаречена ОВК на Косово. Подоцна, тоа се потврдува и со униформираната терористичка организација таканаречена ОНА. Наместо решително да бидат отфрлени сите нејзини барања, а самата физички да биде уништена, се случи обратното. Таа се легитимира и од терористичка организација, таа воскресна во ослободителна народна армија, само затоа што таа е униформирана терористичка организација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Тодоров, зборувајте за XVIII-от амандман.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Во осумнаестиот амандман се наведени поголем број амандмани...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не повторуваме сешто, не да дојдеме до тоа, туку од тоа да почнеме.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:**

Се наметнуваат неколку прашања чија е таа армија која се нарекува ослободителна, кого го ослободува и од кого го ослободува. Се нарекува народна, па сега како може да станува збор за народна,кога нејзините регрути се платеници од надвор и припадници на дел од албанското национално малцинство, кое не успеа само во Македонија и на Балканот да се интегрира во државите во кои живееле. Од каде автохтони албански територии, кога на овие балкански простори, албанска држава за прв пат се појавува во 1912 година, во време кога македонската држава во Втората балканска војна се распарчува на четири дела. Многу брзо албанското национално малцинство го заборава македонското гостопримство, со давање на македонско државјанство, кое подоцна не се респектира и не се почитува, само затоа што тоа не е нормативно и правно заштитено, со нормативни меѓународни правни механизми.На пример, со добивање на државјанство секој граѓанин треба да даде изјава од типот, јас, име и презиме со прием на македонското државјанство станувам припадник на македонската нација, со што добро го владеам македонскиот јазик и кириличното писмо и согласно Уставот на Република Македонија и како граѓанин на Република Македонија ги уживам сите граѓански права и како припадник на малцинството тоа и тоа, согласно Повелбата на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите нации, ги уживам сите малцински права. И доколку барам поголеми малцински права и доколку не покажам лојалност кон македонската нација и држава и примерност на достоен македонски граѓанин, согласно Повелбата на Обединетите нации и Република Македонија, си го задржува правото да ми го одземе државјанството и да ме сетрадира, да ме врати од таму каде што сум дошол.

Во оваа завршна фаза од амандманската расправа на која и претходеше јавна расправа, искрено се надевав дека предлагачот на овие амандмани, господинот Трајковски, ќе ги земеше предвид, како укажувањата од јавната расправа, така и заклучоците на Парламентот на Република Македонија. При конечниот предлог на амандманите на Уставот на Република Македонија и во тој контекст, ќе предложеше нови амандмани со соодветен текст, во кои амандмани ќе се вклучеа забелешките на експертите од правната наука. Меѓутоа, за жал,по добивањето на материјалите од предлагачите, се соочив со следното непријатно изненадување. Видов дека предлагачот се оглушил од целокупната јавна расправа и во оваа трета фаза ни ги предлага истите Нацрт амандмани од Рамковниот договор.

Овие амандмани содржат одредби кои се спротивни на меѓународното право. Карактерот на Уставот и неговите вредности, како конститутивна материја се во неспоива врска со неговото менување. По правило во уставниот текст треба да се интервенира и тоа ретко и со рака што трепери се мисли на трепет за одговорност токму во оваа смисла не се воопшто убедливи тврдењата дека употребената терминологија е израз на околностите на кои беше склучен Рамковниот договор. Потоа, формулирани во амандмани. Имено, во ова мое излагање сакам да одговорам на круцијалното прашање односно на суштинската дилема која беше отворена од моментот кога започнаа преговорите околу Рамковниот договор, дали се

она што е во амандманите, навистина, претставува најголем исчекор на патот на Република Македонија кон Европската Унија, нашата стратешка цел на долги патеки или се работи за нешто друго. Дали не е во прашање сериозно отстапување од се она што се нарекува стандард во тврдото право, т.е. во правото што ги обврзува државите членки на Советот на Европа како членка и на Европската Унија, вклучително и таканареченото меко право, карактеристично за денешното ОБСЕ, за се заедно регионално право, како и од позитивното универзално меѓународно право. Така, деновиве во јавноста се поактуелни стануваа дискусиите за уставните промени. Меѓутоа, тие не треба да се разгледуваат независно од Рамковниот договор, бидејки се дел од него и негов производ. Така, во делот IX од Договорот пишува: "Следниве анекси се составен дел од овој рамковен договор".

а) Уставни амандмани,

б) измени во законодавството,

в) имплементација и мерки за градење на доверба.

Според содржината на уставните амандмани повеќе од јасно е дека самите уставни амандмани се дел од Рамковниот договор и дека мора да се разгледуваат и анализираат во негов контекст, затоа што дури преку него може да се сфати нивната вистинска смисла и цел, а од тука и вистинските последици кои од него произлегуваат со неговата имплементација преку понудените амандмани, кои претставуваат бесилка за Република Македонија во вистинска смисла на зборот. Секој друг пристап е несоодветен, парцијален и нејасен. Итроста или поткупливоста да не речам, предавството на некои македонски и странски политичари е во пренасочувањето на вниманието и со тоа да се сврти кон целината на Рамковниот договор, тоа се насочува кон уставните амандмани и кон прашањето за распишување на референдум. И самата елементарна анализа на Рамковкиот договор укажува дека, тој не само што е крајно недефиниран, туку и крие многу софистицирани цели од типот стендбајстеп, чекор по чекор до крајната цел, која несебично и многу храбро ја покажуваат македонските албанци. Не оти се многу паметни, туку оти последната деценија на македонски политичари е од типот на поданици, политичари без визија, политичари без јасно изградено национално чувство, политичари среброљубци, кои лутаат како брод без компас односно кои политичари се без чувство за државотворност, кои во животот можат да бидат се само не политичари, водачи на нацијава. А, од тука, и способноста , сензот за да ги оценат нејаснотиите и двосмислените последици, кои резултираат од таков Рамковен договор. Тоа што произлегува од Предлог амандманите за менување на Уставот, Рамковниот договор како можност за политичка разврска на македонската транзициона драма, всушност, претставува завршница на едно транзиционо сценарио во ТЕПЕК на преодот на унилатерална и бинационална држава. Затоа, во договор се спомнуваат и унилатерална држава и граѓанска демократија, стабилност и тн. Меѓутоа, секоја операционализација на сите постаменти во оперативни механизми на дејствување, е направена во контекст на сосема друга појдовна терминологија, што одговара на консензуалната демократија на федерализација на државата, се до нејзина политичка дезинтеграција. Во форма на политичка дезинтеграција, во форма на понатамошна разврска во правец на бинационална држава. Со тоа, всушност, се зачнува прашањето за геостратешките промени на Балканот и за иднината на Балканот, посебно во констелација на односите на Македонија со нејзините соседи. Што ќе биде судбинат ана македонскиот дел на државата, населен со таканаречена заедница, со сегашната терминологија. Ако настане политичка дезинтеграција на Македонија, таканаречената албанска заедница, ќе има прибежиште во рамките на идејата за конечно решавање на судбината на албанскиот народ на Балканот, со приграбувањето на туѓи територии, кои претходно плански и со децении ги населуваа.

Во Македонија сегашните решенија на голем дел од прашањата кои навлегуваат во доменот на начинот на функционирањето на идниот политички систем, се внесува механизмот на консензуална демократија преку принципот на вето на малцинската нација т.е. националното малцинство. Консензуалната демократија во крајна линија, ќе бара определени концесии кои природно му припаѓаат на македонскиот народ, кои со многу крв и жртви ги има стекнато и ако затреба и денес со големи жртви ќе ги брани гордо е кога се гине за македонската нација и народ.

Најпроблематично е тоа што во досегашните политички решенија тоа не постои, а тоа е пак придружен елемент на секоја консенузална демократија, која е институт за решавање на споровите во случај на политичка блокада на процесите. Ова подразбира нешто сосема друго, дека арбитражата ќе дојде од страна на меѓународниот фактор, а со тоа се крие опасноста за Македонија како протекторат. Секаде каде што се јавува зародишот на етничките судири и етничките недоразбирања, епицентарот се наоѓаше во погрешната стратегија на либералната демократија. Од друга страна го имаме и тој неформален дел на коалицирање, кој секогаш оди во договарање со албанскиот партнер, во кој македонската страна постепено стана заложник на албанската политика, со самиот факт што никогаш немавме единствен македонски блок, кој ќе ги воспостави македонските национални интереси врз веќе изградените и воспоставени светски принципи.

За разлика од албанскиот фактор, кој го имаше таквиот блок, затоа што кога се работи за

стратегиските интереси на албанскиот етнос, тие се единствени, а македонскиот блок немаше ни формален и неформален консензус за стратегиските интереси на македонската држава. Колку повеќе растеше политичкиот конфликт помеѓу опозиционите партии толку повеќе Македонија се поткусуруваше од страна на албанскиот фактор, заради својот социјален модел на живеење, каде доминира традиционален племенски тип, кој подразбира послушност спрема племескиот поглавар и полесно дисциплинирање на политичкото тело.

Целината на гореопишаните околности укажува дека, како принципиелно прашање трагично е Уставот да се менува во време на војна, во услови на етничко чистење на делови од државата, од државната територија или ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Тодоров, рековме само за XVIII-от амандман.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Овие амандмани се производ на Рамковниот договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е XVIII-от амандман и за него гледајте да зборувате.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Сега ќе дојдеме и до XVIII-от амандман.

Овие опишани услови влијаат сериозно врз квалитетот и легитимноста на Уставот. Рамковниот договор е подготвен и донесен од не-формално формирано четиричартиско тело на иницијатива со учество на претставници на Европската Унија и САД, во духод на консензална демократија, двајца албанци, двајца македонци и партиските лидери на четирите партии, како субјекти, наместо парламентарната демократија, Владата и Парламентот.

Автентичната верзија е на англиски јазик, спротивно на член 7, став 1 од важечкиот Устав на Република Македонија, според кој цитирам: "Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо". Овој договор има покровител во ликот на претседателот на Републиката, институт непознат за меѓународното уставно право. Овој договор е постигнат и потпишан во присуство на сведоци, категорија непозната за македонското уставно право. Договорот е склучен под воен притисок, иако во основните начела безусловно ја отфрла потребата на насилството за остварување на политички цели. Каков цинизам или парадокс на хаосот.

Овој договор содржи одредби спротивни на меѓународното право, утврдувајќи дека ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти со меѓународно учество. Имено, членот 5 на Повелбата за локална самоуправа потврду-ва дека: "Промените на општинските граници се вршат со претходна консултација на граѓаните на односните општини". Догсворот е контрадикторен, бидејќи заговара граѓанско општество, во кое наместо граѓанинот како основен субјект ги промовира етничките етнитети и тоа во форма на заедници. Договорот ги поставува страните над сегашното Собрание, како највисок законодавен дом на Република Македонија, обврзувајќи го да го донесе законот за локална самоуправа во рок од 45 дена од неговото потпишување. Па, дури и на идното Собрание, со тоа што наложува измена на Законот за јавен правобранител до крајот на 2002 година. Каков цинизам и парадокс.

Предложените решенија ја дефинираат Македонија врз основа на концептот "заедници". Во предлогот терминот "заедници" има чисто етничко значење. Со тоа етничноста се извлекува од сферата на политиката, институциите, правото преку следните елементи. Заедниците како колективитети кои продуцираат формална политичка моќ, реалното етничко вето кое се воведува со предложените промени. Воведувашето на комитетот за односи на заедници како зачеток на втор федерален дом во Парламентот, нова територијална поделба и проширување на надлежностите на локалната самоуправа, па регионализација како зачеток на идна федерална единка, со можност до сецесија. Фактот дека ако се усвојат предложените измени, новиот Закон за локална самоуправа ќе се однесува со право на етничко вето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Тодоров, навистина, им го одземаме времето на сите. Вие читате некоја студија, некоја статија читате. Навистина, нема смисла. Почитувајте ги луѓето овде.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Во амандманот XVIII се спомнуваат сите членови. Република Македонија со вака предложеното ќе се конституира како мултиетничка држава и држава во процес, дефакто, федерализација на посебен индиректен начин. Некои решенија се модифицирани верзии на постојни но ретки примери. Потоа, се дадени некои посебни сосема уникатни одредби, така како што концептот на државата, со што се промовира со предложениот документ реално без преседан во компаративното право. Се поставува прашањето за функционалноста на државата која треба да се прероди со овој начин. Многу странски медиуми но и јавни личности во странство се јавуваат со коментари на чудење во поглед на предложените решенија, иако документот не е во целина јавно презентиран и анализиран.

Фактот што нашата политика во последниве години се покажа безрбетна и килава, неспособна да раководи со државните структури и да го сочува територијалниот интегритет, во никој случај не го амнестира Запад во одговорноста за дестабилизација на Република Македонија.

Најмоќните кругови во Запад преку механизмите на Северoатланската алијанса всушност извршија заговор против Македонија без преседан во поновата историја, доведувајќи ја под прашалник судбината на македонскиот народ. Отворената воена разузнавачка политика, пропагандна и морална поддршка на арнаутскиот тероризам во Македонија, само го заокружи впечатокот на жртвување на македонските историски интереси за сметка на западните глобални аспирации на овие наши крстопати.

Благодарение на обилната поддршка на качачкиот бандитизам од Западна Македонија, го изгуби суверенитетот на дел од својата национална територија и таа веќе не функционира како суверена држава. Со припомош на тероризам од најцрн вид, тие ја постигнаа целта да ни диктираат нова државна преуредба, со која се поништуваат најсветите достоинства на македонскиот народ. Постои ли навистина здрав разум во вашите неприкосновени судови за нашата иднина. До кога ќе експериментирате со нас, користејќи ја политиката, политичката коњуктура во македонското растревожено општество. Треба ли да се објасни дека Македонија го загуби суверенитетот врз поголем дел од својата територија во валканата војна со тероризмот. Со тоа го доведе во прашање својот опстанок. Залажувањата за некаков траен мир и перспектива, особено со изнасилени компромиси, можат да ја разубаваат привремено само дневната политика. Терористичката организација ОНА на чија страна се бореа муџахедините е поопасна и потрагична за Македонија.

Македонија има легитимно и морално право за борба против качачкиот тероризам. Не сум уверен дека Македонија ќе може да го врати својот целосен суверенитет, ако и понатаму се однесуваат несериозно кон македонската држава. Еднаш оскрвавениот суверенитет, тешко се обновува. Компромисите, колку и да се благословуваат од таканаречениот меѓународен фактор, не се гаранција за тоа. Историјата нуди многубројни примери, речиси без исклучок. Не смееме да потклекнеме на заплашувањата за последиците од неприфаќање на уставните промени. Бидејќи последиците од прифаќањето ќе бидат далеку поужасни и неповратни. Уште помалку треба да дозволиме секакви странски мисионери да си градат политички кариери преку крвави експерименти со македонскиот народ, какви што народот во нивните држави никогаш не би дозволил.

Наградувањето и озаконувањето на убиствата, мачењата, силувањата, етничкото чистење и сите други злосторства, поттикнати и спроведени од страна на големоалбанските фашисти, со тоа што целосно се исполнуваат нивните недемократски екстремистички барања, заради кои ги вршат злосторствата. Се оправдува пропагандата дека вината за до-сегашните напади врз македонскиот народ и неговата држава лежи во недемократскиот Устав на Македонија, а не во злосторничките и криминалните банди.

Апелирам до сите мирољубиви и совесни македонци, независно од етничкото потекло, да се обединат и по секоја цена да го спречат усвојувањето и менувањето на сите предложени уставни амандмани. Тоа е наша должност не спрема оние кои што веќе се жртвувале за слободната независна и суверена држава Македонија, туку спрема нашите деца и вну-ци кои допрва ке бидат жртви на етничкото чистење и други злосторства, ако ние не го спречиме предавството.

Со целокупноста на предложените промени, доколку бидат усвоени, не само што не се зајакнува граѓанскиот карактер на македонската држава, туку ќе се отвори простор за разнебитување на опсатнокот и на развитокот на Република Македонија како граѓанска и демократска држава.

Според новиот амандман V, што е даден од предлагачот, според овој предлог, практично, јазиците на сите национални малцинства што живеат во Република Македонија можат да биат прогласени за службени јазици во локалните заедници заедно со македонскиот јазик.

Последново решение со амандманот XVIII што се нуди, ќе доведе до голема конфузија, како и до нови проблеми од правен карактер, како што е на пример дискриминација на сите други граѓани на Република Македонија кои не се вклопуваат во наведените проценти и консензуалната демократија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Им ветив на сите што слават Митровден дека ќе работиме до 19,00 часот. Еве неколку минути претеравме.

Уште еднаш им го честитам празникот и да си одиме, а утре имаме уште двајца говорници овде и ќе продолжиме во 11,00 часот и брзо ќе завршиме.

(Седницата прекина со работа во 19,20 часот).